СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од на 78-та седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 22 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

**78-ма СЕДУМДЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 22.X.1997Г.**

Дн. ред-стр.5
Т.1-стр18; стечај
Т.2-стр.80; мак.јазик

1. АРСОВСКИ БРАНКО 62
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 48, 75
3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР 2, 4, 7, 9, 13,15 (министер во владата на РМ)
4. БЕЛЧЕВСКИ РУБИНЧО 83, 87
5. ВРЕВЕЗОВСКИ ДИМИТРИЈА 22
6. ВЕЈСЕЛ АБДУЉАДИ 98
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ 11, 13, 14, 17, 91, 96
8. МИТЕВСКИ ДРАГАН 40, 48
9. МИНОВ ПАВЧО 58, 61, 76, 78
10. МИТРЕВА ИЛИНКА 80
11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН 87
12. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ 99
13. НАУМОВСКИ ВАНЕ 29, 31
14. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 69
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
15. ПОПОВСКИ Г.НИКОЛА 15, 16
17. ПЕЦОВ МИРКО 67, 68
18. ПАВЛОВ БОРИС 72
19. РАМАДАНИ ИСМЕТ 3, 4, 97
20. РАМАДАНИ САЛИ 7
21.СТОЈАНОВСКИ ТМИСЛАВ 6
22. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 9, 10, 79
23. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА (зам.министер за финасии) 53
24. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 32, 38, 55
25. ТРАЈКОВ МИЛЧО 73
26. ТАИРИ МЕВЉАН 96
27. ФАИК АБДИ 10
28. ЧАП0В СЛАВЧО 26, 53
29. ШАПУРИЌ ЗОРАН 2, 18, 50, 57, 58

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 78-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 октомври 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски, Љубомир Чадиковски, Теодосие Паунов, Љупчо Мешков, Зоран Крстевски и Драгољуб Поповиќ ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагачот на законот пратеникот Николина Трајаноска на седницата на Комисијата за политички систем го повлече предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви Информација за мерките и активностите кои Владата намерава да ги превземе за зголемување на извозот и нама-

лување на надворешно трговскиот дефицит на Република Македонија и предлага таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Барањето кое што е поднесено од г-динот Шапуриќ со содржина која што би се осврнала на мерките и активностите за зголемување на извозот и намалување на надворешно трговскиот дефицит, е во исто време и една актуелна активност која што е присутна во рамките на Владата.

Со оглед на тоа што во најскоро време се очекува Владата да расправа по оваа проблематика и предлага мерки и активности кои што ќе бидат во позитивен однос кон оваа проблематика, предлагам оваа информација да не биде на дневен ред на оваа седница, туку да се даде можност да изготвиме комплетна информација која што би се разгледувала на една од наредните седници.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Имајќи го предвид значењето на оваа проблематика, односно значењето на извозот за опстанокот на државата, не само економскиот и вкупниот и се поголемиот надворешно-трговски дефицит, јас по излагањето на претставникот на Владата г-динот Бузлевски со која тој ни кажа дека можела информација да биде изготвена, а јас го сватив дека се согласува не само да биде изготвена од Владата, туку да биде разгледана односно да се расправа по неа на Собранието бидејќи даде

една информација да се разгледува на една од наредните седници, јас би предложил тоа да биде во што побрз рок да речеме во рок од 15 до 20 дена, да не се одолговлечува, имајќи предвид дека за една од наредните седници е малку поширок поим. Па доколку се согласува претставникот на Владата тоа да биде во рок од 15 до 20 дена, јас би се согласил со ова излагање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачот на законот пратеникот Аце Коцевски побара на оваа седница да се разгледа само Предлогот за донесување на закон за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Камчевски" - Гостивар.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

71 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници. Не минатата седница туку претходната, јас во името на пратеничката група на ПДП барав информација за националната структура во органите на управата и јавните претпријатија.

На минатата седница не беше спомнато, јас мислев дека еве треба уште малку време да се подготви таа информација и да се достави до

Парламентот. Меѓутоа, денеска вие г-дине претседателе ниту спомнавте дека е барана таква информација, а ние дури и немаме таква информација доставено, па мислам дека треба едно објаснување зошто нема информација и зошто денеска ниту спомнавте дека треба да се достави таква информација. Дури нагласено беше дека бараме информација по која треба да се дискутира во Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам добивте тогаш одговор дека таква информација Владата ќе изготви, но еве бидејќи не е пристигната до Собранието јас не можам да ви кажам дека е изготвена таква информација. Па молам по таквиот предлог нека се произнесе г-динот Бузлевски.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Имаме разбирање дека вие пропуштивте, требаше да кажете дека барем бараше координаторот на пратеничката група на ПДП информација кажано, односно се рече дека за наредната седница се подготвува таква информација денеска од Владата немаме таква информација и после тоа веројатно ќе го баравме одговорот и после тоа објаснување и од претставникот на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мислам дека вие тогаш учествувавте во расправата, и добивте одговор од претставникот на Владата. Сами се согласивте тоа да биде готово на наредната седница и ако не е готово до сега ќе го одлагаме постојано. И од тие причини не кажав на почетокот. Еве имаме претставник на Владата нека се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас немам ништо што да додадам од она што го кажа претседателот и координаторот, изготвувањето на таквата информација е во тек и таа ќе ви биде доставена на координаторот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласувате ли господине Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Се согласувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за стечај,

2. Предлог за донесување на закон за македонскиот јазик со Предлог на закон,

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа со Предлог на закон,

6. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремен исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основа на штедни влогови, со Предлог на закон,

7. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за трговија,со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за данокот на додадена вредност,

10. Предлог за донесување на закон за ветеринарство,

11. Предлог за донесување на закон за државен печат на Република Македонија,

12. Предлог за донесување на закон за печати и жигови со грбот на Република Македонија,

13. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Камчевски" - Гостивар.

Дали има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

На 25.06. оваа година од Владата побарав информација за Јавното претпријатие за набавка транспорт и дистрибуција на природен гас "ГАМА"-Скопје и оваа информација ја добив после седницата на Владата од 22.09.1997 година.

Со оглед на состојбите со гасоводот во Република Македонија, особено со оглед на тоа дека овој гасоводен систем во неговата прва фаза го пуштивме во работа, со оглед на идните можности за реализација на втората фаза на овој систем во нашава држава и идните можности за подложување на овој гасовод кон соседните земји, особено Албанија и понатаму Италија и со оглед дека грејната сезона веќе започна сметам за потребно да нагласам на оваа седница како дополнение, оваа информација да биде ставена во дневниот ред, поради нејзината актуелност и поради интересот на најшироката јавност, со се она што значи и објективно идно насочување на активностите, затоа што

ако остане тука, мислам дека правиме два пропуста. Имено, се работи за пуштање во функција само со одредени цели и намери, на една значајна инвестиција. По мои согледувања најголемата инвестиција во последните десеет години која што е реализирана, со над 60 милиони долари и второ мислам дека доколку оваа информација не ја ставиме во дневниот ред, останува најшироката јавност да ја информираат средствата за јавно информирање, гледајќи свои интереси, тираж и т.н. Сметам дека како дополнување на дневниот ред ќе дадеме и доволно време и на потенцијалните дискутанти на оваа точка да можат да земат збор, или веднаш да дадеме друг предлог, ако Владата смета дека за денешната седница нема компетентен претставник и треба време, спремен сум оваа точка да оди како прва точка на наредната седница.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Бараната информација е изготвена и доставена до пратеникот, согласно заклучокот кој што тогаш Парламентот го донесе Владата да изготви информација и да му ја достави на пратеникот. На Парламентот е да одлучи дали ќе ја разгледува оваа информација на оваа или на наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на г-динот Стојановски Информацијата да биде на дневен ред на денешната седница, бидејќи претставникот на Владата втората алтернатива на предлогот на г-динот Стојановски не ја прифати, молам да крене рака? (19 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска не предлагам симнување од дневен ред на некоја точка, туку прво барам преформулирање на точката Предлог за донесување на

закон за македонски јазик, со Предлог закон. Преформулирањето да биде предлог за донесување на закон на македонскиот и албанскиот јазик и писмото и јазикот и писмата на другите национални колективитети, со Предлог закон. Или накратко уште подобро, предлог за донесување на закон за јазиците и писмата во Република Македонија со Предлог закон. Образложението ќе го имате во мојата расправа и во нашиот амандман.

Второ, денеска предлагам да се стави на дневен ред точката меморандум на штедачите на пропаднатите штедилници ТАТ-Битола, Алфа-С Скопје и Лавци-Охрид. Многу кратко образложение. Бидејќи со законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основа на штедни влогови, апсолутното мнозинство на овие штедачи воопшто не се задоволни, затоа што не само што неможат да се обештетат, не само во целина како што е договорено заедно со каматите, туку не ќе можат да ги примаат нивните вложени средства, без оглед на шпекулации со чекови и други ветувања, еден претставник на здружението на штедачите од овие три штедилници ме замоли да предложам оваа точка да се стави на дневен ред на првата седница на Собранието на Република Македонија и бараа да примам една нивна делегација за понатамошни чекори и пронаоѓање на модуси за правилно и конечно разрешување на овој толку релевантен проблем. Поради важноста и актуелноста предлагам оваа точка да има приоритет и да биде ставена како прва точка на денешнава седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе го ставам на гласање првиот предлог на г-динот Рамадани преформулација на точката 2 во Предлог за донесување на закон за јазиците.

Кој е за предлогот на г-динот молам да крене рака?

6 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Вториот предлог меморандум на пропаднатите штедилници.

Кој е меморандумот да биде на денешната седница, молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувана господо,

Пред рамно еден месец, поточно на 14.09.1997 година поднесов барање до Владата за изготвување на информација за невработеноста со посебен акцент за невработеноста кај младите. На претходната седница господинот потпретседател ми беше ветено дека таа информација ќе биде доставена за денешната седница. До денеска до оваа седница, јас верувам а и вие немаме добиено никаков материјал. Мислам дека вака актуелен проблем кој ги засега сите не само младите би требало да биде една перманентна работа и акција на Владата и требаше Владата да не удостои со една информација која би ја разгледале и би одлучиле дали да расправаме за неа. Загрижува индолентноста и лежерноста на Владата што со ваков горлив проблем не се однесува во склад со она што го вети.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас и тогаш кажав дека тоа е комплексна материја која што сака многу темелна разработка за да се проанализира и евентуално предложи активност која што ќе биде во функција на ублажување на состојбите во поглед на невработеноста. Меѓутоа, јас сигурно не сум кажал дека тоа треба да биде за денешнава седница. Да оставиме таа информација да се изработи и да се проследи до Парламентот кога ќе се изработи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Најмалку сакам да полемизирам со потпретседателот на Владата, меѓутоа мислам дека беше егзактно речено дека на оваа седница таков материјал ќе биде подготвен.

Одлагањето или недефинирањето на денот односно на седницата, за мене не е одговор и не сум задоволен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали тогаш останувате на предлогот да гласаме за вашиот предлог? (Да)

Предлогот на г-динот Станковски го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака, информацијата за вработувањето да биде денеска на дневен ред? (20 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Абди Фаик.

**АБДИ ФАИК:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господине потпретседателе.

Овде, на дневен ред имаме точка 7 - Предлог за донесување на закон,за дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.

Неодамна јас разговарав со министерот за стопанство, господинот Борис Рикаловски и ми кажа дека Владата има позитивно мислење позитивна почва за промена на законот. Се договоривме, јас напишав тоа што го напишав.

Меѓутоа, пред некој ден, на 20-21, заседаваа две комисии. Мислење од Владата немаше, меѓутоа сабајле дојдоа кај мене во

кабинет заменикот на министер и г-динот Мирчевски, заради тоа што нешто фали во законот односно нешто е додадено повеќе. Ми ветија дека наскоро Владата ќе предложи целосен закон, целата измена на законот, со молба да го повлечам предлогот.

Јас го повлекувам овој предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е точката 7.

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Верувам дека се работи за ненамерен пропуст поради различното толкуваше на формулацијата "на наредната седница" во врска со доставеното барање од страна на Пратеничката група на ЛДП Владата на Република Македонија да изготви Информација за потеклото на небуџетските готовински пари во Министерството за внатрешни работи, нивната намена и договорнсот за трошењето.

Пратеничката група на ЛДП, поаѓајќи од изјавата на потсекретарот за јавна безбедност на МВР г-динот Диме Гурев изречена на седницата на Анкетната комисија за јавните набавки во која вели, го цитирам:

"Од касата е плаќано во готово. Тоа е факт. Вие прашувате како се трошат буџетските средства. Вие немате мандат да прашувате од каде имаме други пари и како ги трошиме. Во 1993 година имаше голема инфлација и бидејќи немаше девизен пазар се работело на црно", завршен цитат.

Заради тоа што сметаме дека е ова скандалозна изјава изречена од висок функционер во МВР, после која секој сериозен министер и Влада уште следниот ден ќе му се заблагодари на истиот функционер за

неговата работа и ќе се збогува со работното место, бараме Владата на РМ да изготви и до пратениците да достави Информација за потеклото на небуџетските готовински пари во МВР, нивната намена и одговорност за трошењето.

Предлагаме оваа информација Владата да ја изготви од следните причини:

Прво, Владата да се произнесе по изнесениот став на потсекретарот за јавна безбедност во МВР,

Заради потребата пратениците во Собранието на РМ да добијат прецизни информации и тоа за следното:

1. за потеклото на готовинските или кеш пари со кои располага МВР што не се од Буџетот на РМ и целите за кои се наменети;

2. плановите за трошењето на тие средства и прописите и други интерни акти според кои, доколку има такви средства, ги троши МВР,

3. Начинот на располагање и отчетноста на трошењето, бидејќи тие не се предмет на разгледување од страна на пратениците во Завршната сметка на Буџетот на РМ.

Бидејќи се работи за многу сериозно прашање, молам за мислење од страна на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, прво околу третманот на наредната седница, чувствувам за потребно да информирам дека оваа седница ја закажав на 7 октомври. Предлогот на г-динот Коцевски го добив на 15. Според тоа, предлагате на наредната седница?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

На оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На оваа седница.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Предлагаме ова прашање да се разгледа низ форма на пратеничко прашање и, евентуално деловнички после, ако пратеничката група не е задоволна од одговорот на пратеничкото прашање, може да покрене иницијатива за изработка на информација со темата што е посочена во конкретново барање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Му благодарам на советот на г-динот потпретседател на Владата. Меѓутоа, не е во негова надлежност тој да советува на пратениците дали ние некои иницијативите ги даваме во форма на пратенички прашања или во форма на информации.

Секој пратеник и пратеничка група има деловничко право да процени врз основа на податоците со кои располага што ќе бара во овој Парламент.

Ја молам Владата во други ситуации за иницијативи на пратениците до ЛДП да не ни кажува какви иницијативи да поведуваме. Пратениците ќе си одлучат дали го прифаќаат тоа или не го прифаќаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Бузлевски има збор.

II/5.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас не се ни обидов да давам совет. Јас само кажав предлог кој што во име на Владата е предложен. Тоа не мора да значи дека е и совет. Може и да значи.

Меѓутоа, предложив еден став на Владата кој што деловнички е издржан и кој што на оценка е пред Парламентот околу ставот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ова не знам дали е расплет или заплет. На крајот, меѓутоа тежината на одговорот, бидејќи се издигнува на ниво на став на Влада, мислам дека постанува многу сериозно прашање. Поаѓајќи од сериозноста на темата што ја покренуваме, ако во органот за МВР на РМ кој, според законските прописи е најнадлежен да се бори против криминалот од секаков вид во РМ и против тие што прават девизни црни пазари во РМ, го прави истото во рамките на својата институција, јас се прашувам како тогаш ќе постапуваат останатите граѓани на РМ кога функционерите од МВР даваат јавни изјави, дека правеле такви прекршоци во текот на нивната работа.

Или мора Владата да се огради од оваа изјава и да го смени г-динот Ѓурев или да даде објаснување кои се тие законски прописи врз основа на кои се трошат тие небуџетски средства во МВР, за кои намени се трошат, од каде се тие приходи. Во спротивно, мислам дека ова ќе испадне една голема афера во РМ што лошо ќе се одрази на вкупните политички односи. .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дин Бузлевски има збор.

II/6.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас искажав став во врска со процедурата, а не во врска со процедурата. Да оставиме тогаш кога ќе биде и ако биде ова предмет на расправа, Владата да си го каже своето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, кој е за барањето....

Деловничка интервенција има г-динто Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал да се изјавам како ќе гласам со оглед на карактерот на барањето на демократите, за начинот на кој ќе гласам.

Демократската партија, Либерално - демократската партија поднесе една интересна иницијатива во Парламентот, за расправа по точката што ја предложи г.динот Коцевски во име на пратеничката група. Слушнавме мислење на Владата што за нас е исто така релевантно и треба да одлучиме го прифаќаме или не.

Јас, во нормални услови би сакал да расправам аз ваква иницијатива и би сакал да добијам информации, соодветни од Владата по кои ќе можеме да донесеме оценка. Тука се работи за крупни проблеми. Проблеми во сверата на средства, во сверата на буџет и сверата на контрола итн.

Меѓутоа, што се случува сега? Имам впечаток дека предлагачите на расправата сакаат да ја избегнат расправата. Поднесуваат иницијатива на седница која е закажана пред две недели

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не пред две недели. На 15 е поднесено барањето а на 7 е закажана седницата. Извинете што ве прекинувам.

II/7.-

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Да, седницата е закажана пред две недели, а барањето е поднесено пред 7-8 дена или помалку.

Сега, одеднаш, наместо да добиеме една логична процедура по која што ќе можеме да дојдеме до точката на дневен ред по која ќе можеме да се изјасниме од Владата, ние, едноставно бараме "хик родос-хик салтас", сега сакам. Знаете, ниту еден Парламент во светот не работи на принцип - седиме во клупите и сега некој пратеник притиска копче и вели сакам да се расправа сега, веднаш на оваа седница за многу битно прашање. Е, не можеме да гласаме под такви услови. Затоа што, јас како пратеник сакам за оваа иницијатива Владата да достави писмена информација во редовна, нормална процедура. Сите точки на дневниот ред доаѓаат во некаква нормална процедура.

Ако вие сакате ваква точка, што е многу битна, евентуално да дојде на дневен ред прекутрупа, по користење на Деловникот не како редослед, туку како исклучителен редослед, тогаш дозволете дека не можам да се изјаснам за таа инцијатива и ми е жал што ќе гласам против за инцијатива што во суштина ја прифаќам. Меѓутоа, имам впечаток дека и самиот предлагач нема суштинска намера да расправа по оваа точка, туку има суштинска намера да настапи и да се повлече, од други причини.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, ве молам, расправа немаме.

Господин Коцевски, бидејќи завршивме со расправата, има право да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа во интервал од 5 минути.

Г-дин Коцевски има збор, деловнички.

Само како ќе гласа и зошто така ќе гласа бидејќи расправа немаме, ја завршивме во репликата меѓу претставникот на Владата и предлагачот.

II/8.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Да им олеснам на останатите пратеници во нивното определување ќе го кажам следново:

Ние покренавме ваква иницијатива за да се расправа а не за да не се расправа и ја бараме за денеска затоа што мислевме дека Владата го чувствува тоа прашање како што го чувствуваме и ние и дека веќе размислувала и дека е подготвена брзо да реагира и да даде одговор уште на оваа седница.

Инаку, јас се согласувам со голем дел од тоа што го кажа г-динот Никола Поповски и, доколку кај вас постои расположение јас, во име на пратеничката група сум подготвен и еве, изјавувам дека го повлекуваме ова барање од денешнава седница ако има гаранција дека тоа ќе биде поставено на дневен ред на следната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, не, не можете вие да го условувате предлогот.

Кажете дали предлагате на денешната седница или го повлекувате.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Предлагам на следната седница на Собранието, доколку Владата не достави, ќе ја повториме расправата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Дали уште некој пратеник сака да предложи изменување и дополнување на дневниот ред. (Не)

Ако нема, кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (77 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог на закон за стечај.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, почитувани министри.

Како што е познато, долго време се чекаше на овој закон, бидејќи со недоволната регулираност на стечајот и стечајната постапка се направени огромни штети. Овие штети беа големи како за стопанството, гледано во целост, така и за бројните стечајни работници кои остануваа без било каква заштита при стечајот.

Овие стечајни работници буквално беа бркани на улица. Бројни се примери на ваквото однесување за намерно доведување на претпријатијата во стечај, со цел да се обезвреднат тие претпријатија, а подоцна од оние кои го довеле во состојба на стечај, по многу речиси багателни цени да ги откупуваат лично тие или пак оние со кои тие биле претходно во договор.

Ова беше, помеѓу другото и користено да се вршат масовни отпуштања на работници. Јас, на оваа состојба на неколку наврати укажував на ова Собрание, а два пати поставува пратенички прашања во кои што прашував, но и барам овој закон да биде што побрзо ставен во собраниска процедура. Најповеќе поради тоа што институтот на

стечајот кај нас, во најголем број на случаи служеше само за злоупотреба на законот а не за спроведување на законот. И покрај тоа што стариот закон, се разбира, несоодветствуваше на новосоздадените услови, сепак тој содржеше одредени решенија што мораше да се почитуваат, така што доколку и тој закон се почитуваше немаше да има бројни случаи на злоупотреби на стечајот.

Оттаму, сметам дека овој закон иако доцна доаѓа треба да се донесе и би сакал да изнесам неколку забелешки на овој закон, покрај тоа што верувам дека по неговото донесување ќе се намалат можностите за злоупотреба на стечајот, а притоа сметам дека самиот закон сам по себе не може автоматски да ги отстрани сите аномалии при стечајот и стечајната постапка.

Неопходни се многу покомплетни активности, како и почитување на други закони, со цел да се спречат овие злоупотреби на стечајот. Бидејќи, за правилно спроведување на стечајот и стечајната постапка не е доволно само почитување и спроведување на законот за стечај. Овој закон треба да се гледа во една комплексна целина со бројни други закони со кои е поврзан.

Овде би напомнал, овде се наспоменува што е и логично, дека тоа што не е предвидено околу постапката ќе се применуваат Законот за парнична постапка за кои, да потсетам, сеуште не е изгласан во ова Собрание. Меѓутоа, овој закон за стечај е логично поврзан и со бројни други закони, како Законот за извршна постапка и многу други, Законот на облигации и бројни други закони. Оттаму, сметам дека ако сакаме да ги спречиме овие бројни злоупотреби не е доволно само донесување и да сметаме дека со самото усвојување на овој закон сме ги решиле сите проблеми околу стечајот и дека сите овие злоупотреби и аномалии понатаму ќе бидат надминати.

II/11.-

Мислам дека стечајот и стечајната постапка многу поефикасно и подобро би се спроведувале доколку се ограничи, до некаде, правото на стечајниот управник, во смисла да не може едно лице да биде истовремено стечаен управник во 5 или повеќе претпријатија истовремено. Ова често пати се спроведуваше во досегашната пракса. Дури и физички беше невозможно едно лице ако е во 5 или 10 претпријатија што се во стечај одеднаш да го врши стечајот, да го врши правилно стечајот, односно правилно да ја спроведува стечајната постапка. Можеби во некои случаи тоа било и намерно спроведувано. Меѓутоа и да е ненамерно, во секој случај тоа е невозможно. Оттаму, ги поддржувам неколкуте амандмани што беа во таа смисла да се ограничи дали за едно или две или три претпријатија истовремено, тоа е друго прашање. Меѓутоа, треба да има некое ограничување. Мислам дека претставниците на Владата ќе имаат разбирање за овие амандмани.

Се поставува прашањето дали требаше во волкава мера, дали можеби овој закон можел да биде малку поедноставен, да не е преобемен, бидејќи некои прашања се веќе регулирани во Законот за трговски друштва и некои други закони? Можеби преопширно и претерано овде се зборува за ликвидацијата што е веќе регулирана на некој начин во Законот за трговски друштва. Се прашувам дали еден волку обемен закон можеби може да се спроведува, дали не треба, имајќи ја предвид оваа материја и дека овој закон, со која цел е донесен, со целта да се поедностави и забрза оваа постапка и да не се усложнува дали во таа смисла, за да биде поефикасен, дали во таа смисла не е потребно овој закон да биде помалку обемен или помалку, ми се чини дека е доста преоптоварен пред се околу институтот на ликвидација што е регулиран во другите закони.

Исто така сметам дека овој закон би можел да пружи поголема заштита на стечајните работници во смисла на тоа претходните обврски што се преземени да важат и при стечајот. Во таа смисла има и некои амандмани поднесени и сметам дека претставниците на Владата ќе имаат разбирање за овие амандмани, бидејќи се поднесени во функција пред се на поголема заштита на стечајните работници.

Ако сакаме ефикасен закон и тој набрзо да стапи, би требало побргу да стапи во сила, не во рок од 6 месеци од неговото донесување, бидејќи ако стапи во сила не по месец-два, се разбира можеби овој закон е таков што не би можел да стапи веднаш односно 8 дена, бидејќи се потребни одредени подготовки. Меѓутоа тоа што се предлага во законот, рокот од 6 месеци мислам дека е долг и негативните тенденции на злоупотреба на институтот стечај можеби и ќе се забрзаат. На тој начин ќе се настојува да се избегнат оние ограничувачи ефекти и позитивни, во која смисла, кои се дадени во новиот закон.

Оттаму, сметам дека тој рок е навистина долг, тие 6 месеци и сметам дека треба да се прифатат оние амандмани што го скратуваат тој рок, сеедно дали на месец или два. Но, во секој случај тој рок од 6 месеци е доста долг.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Вревезовски.

**ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувнаи претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, на денешнава седница расправаме за еден многу важен закон, кој е во завршна фаза, во фаза на Предлог закон. Расправаме за Предлог законот за стечај, со кој се регулира една доста суптилна и деликатна материја од областа на општествено економскиот систем и правниот поредок на нашата земја. Расправаме за еден процесуален4 закон, со кој во детали се уредува стечајната постапка во нашиот правен систем.

Во услови на пазарен систем на стопанисување, основањето и создавањето фирми од една страна, како и пропаѓањето и гасењето на фирми е секојдневна појава. Додека едните формираат и развиваат, други во исто време пропаѓаат и се губат од стопанскиот живот на земјите со пазарно стопанство. Една од причините за пропаѓање и растење на фирмите, меѓу другото секако е и стечајот. Зборот стечај кај обичниот човек во нашата земја асоцира на затворено на претпријатија, отпуштање на вработените, асоцира на долготрајни постапки проследени со бројни малверзации и злоупотреби како од страна на стечајните управници, така и од страна на стечајните судии и другите учесници во стечајната постапка. За ваквите асоцијации кај обичниот граѓанин, покрај другото , придонесуваше и постојниот закон за присилно порамнување, стечај и ликвидација од 1989 година, кој што беше донесен во услови на еден друг систем на стопанисување во предтранзициониот период и кој даваше доволно простор за злоупотреби и малверзации. Токму заради тоа што постојниот закон кој ја регулира оваа материја е одамна

надминат, изживеан и го има прегазено времето, Владата ни нуди еден квалитетен кадровски проект кој одговара на потребите на актуелниот миг на времето во кое живееме, но и на времето кое доаѓа. Со законот кој што ни го предлага за усвојуваше, кој што има нешто повеќе од дупло членови во однос на постојниот закон, Владата нуди квалитативно поинаква и многу содржински поквалитетна законска рамка за уредување на односите во една чувствителна света од стопанскиот и правниот систем на нашава Република.

Така понудениот законски текст нуди решенија со кој во значителна мера се стекнува просторот и можностите за злоупотреби и малверзации од страна на органите и учесниците во стечајната постапка. Оваа моја констатација е поткрепена со фактот што покрај тоа што во детали се нормираат можните ситуации во праксата, Владата во Предлог законот нуди механизми за заштита од можните злоупотреби како што се одредбите за одговорноста како на стечајниот управник, така и на членовите на Одборот на доверители и на должникот, за кого што се предвидува можност за приредување и притворање, доколку за попречува или придонесува за одолговлекување на стечајната постапка.

Меѓутоа, овде предлагачот застанал со нормирањето на одговорноста само за два органи на стечајната постапка. По мое миселње, Владата требаше да ја прошири одговорноста и на стечајниот судија дотолку повеќе што во јавноста е присутно мислењето, и овој орган е носител на девијантни појави и злоупотреби во стечајната постапка.

Покрај ова, како еден од механизмите за надминување на присутните слабости и злоупотреби во стечајната постапка, Владата

со утврдувањето на условите за тоа кои може а кој не може да биде стечаен управник, на еден повисок степен го издига квалитетот и ефикасноста на стечајната постапка и нуди можност професионалци да се занимаваат со ваква активност, со тоа што и нив ги ограничува во колкав број на претпријатија ќе можат да бидат стечајни управници за разлика од досегашното решение каде немаше ограничување во овој правец.

За разлика од постојниот закон, Предлог законот го проширува бројот на органите на стечајната постапка, со тоа што покрај стечајниот совет, стечајниот судија и стечајниот управник предвидува и одбор на доверители и собрание на доверители, чија улога е видно нагласена во стечајната постапка. Во овој дел од Предлог законот предвидува можност стечајниот судија да може да биде член на стечајниот совет. Сметам- дека една ваква одлука во Законот не е конзистентна затоа што е спротивна на начелото еден ист судија во една правна работа, во една постапка да одлучува во две истанци, што произлегува до член 17 став 1 точка 4 и 5 на Предлог законот, каде стои дека стечајниот совет одлучува за преговорите на стечајниот управник, против заклучоците и упатствата на стечајниот судија, како и за приговорите на доверителот, Одборот на доверители и Собранието на доверители, против заклучоците на стечајниот судија.

Со предложениот законски текст се стеснуваат и затвораат можностите за лажно одење во стечај, што претставува зачестена појава во последно време со цел да се одбегнат обврските кон доверителите или кон државата, а во исто време со истите средства и во истите простории се регистрира нова фирма, различен е само носителот на фирмата.

Покрај другите квалитети, Предлог законот за стечај нуди една квалитетно поинаква социјална димензија во делот кој ги регулира договорите за работа, при што зависно од тоа дали должниковиот имот ќе се претвори во пари или ќе се усвои стечаен план, постои можност во првиот случај 1/3 од стечајната маса да се употреби за намирување на потребите на вработените, а во вториот случај се изготвува таканаречен социјален план, од кој произлегува обврска на вработените да им се обезбеди или друго работно место или преквалификација и паричен надомест согласно член 130"од Законот за работни односи.

Во предложениот законски текст провејува и една хумана димензија преку одредбите со кои се утврдува можноста должникот да може од стечајната маса да користи средства за нужна издршка за него и за членовите на неговото семејство.

На крајот, мислам дека Предлог законот за стечај кореспондира со Законот за трговски друштва и со другите законски проекти од транзициониот период на РМ, иманентен е на времето во кое живееме и сметам дека неговата примена треба да почне што поскоро, а не да се одлага за 6 месеци, како што се предлага во член 350 од Предлог законот.

Од сите овие причини, го поддржувам Законот и ќе гласам за истиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Чапов.

III/5.-

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, не би сакал да се задржувам многу на Законот, меѓутоа, ако Законот за стечај по мое видување претставува зачувување на сеуште останатиот општествен капитал или општествениот капитал кој го поседува претпријатието, од една страна, целосно го поддржувам. Меѓутоа, со целосно или делумно отстранување на вработените од стечајните претпријатија, а морам да кажам дека овој Закон исклучиво се однесува на индустријата, трговијата и повеќе акционерски друштва и претпријатијата, тогаш не би се согласил целосно, па уште на почетокот да кажам заради тоа има поднесено неколку амандмани и мислам дека министерот ќе има видик да прифати некои од нив.

Повод за дискусија ми дава членот 1~ и 2 каде што се дефинирани причините и целите на Законот за поведување на стечајна постапка во претпријатијата, со кои целосно се согласувам, дури слободно можам да кажам дека доцни овој Закон. "Наспроти нив, член 122 каде што пишува "Со отворање на стечајна постапка договорите за работа склучени меѓу работникот и работодавецот престануваат", а со истиот член став 2 дава и посебно објаснување.

Причини: ако во една организација или акционерско друштво, без разлика дали целосно е приватизирано, делумно или е со општествен капитал, работникот кој ги извршува работните задачи - која е неговата вина, каде се предвидува неговата вина? Би дал пример. Нормиран работник во една текстилна организација или конфекциска фирма кој наполно си ја извршува нормата за работното време, тогаш претпријатието не чини, раководниот кадар нема одговорност, директорите немаат одговорност, а на крајот се виновни работниците. Зборувам

за работници кои си ја извршуваат правилно својата функција, односно во овие организации што ги напомнав си ја извршуваат нормата според предвиденото и планот на организацијата.

Која е одговорноста на раководниот тим во претпријатието? Која е на работниците, во случај на стечај? Кој страда, кој добива од тоа? Секако дека раковидниот кадар по отпочнување на стечајната постапка во претпријатието ништо не губи, а губат работниците кои остануваат на пат, особено работници кои се под 25'години, тоа што беше за овој закон кој го донесовме за вработување, оние работници кои се под 25 години работен стаж остануваат на пат со 10 до 18 месеци згрижени од Заводот за вработување со личен доход од 100 марки.

Повторно напоменувам, овој Закон повеќе се однесува за индустријата, трговијата и за друг дел од нашата индустрија, а не за јавните претпријатија или останатите претпријатија, треба малку повеќе да се загрижиме за нив бидејќи од тој Закон што досега можеби точно не предвидел и таа социјална грижа што не е предвидена токму во овој Закон можеби имаме најмногу невработени, најмногу стечајни работници и најмногу незадоволници.

Не би сакал повеќе да дискутирам по текстот на Законот. Имам поднесено 5-6 амандмани, и тоа првиот амандман го спомна г-диниот Шапуриќ, бидејќи сум индустриски работник, 29 години работам во индустрија, знам што значи стечај, па јас имам исто така забелешка на член 20. Цитирам: "Стечаен управник не може да биде именуван истовремено во повеќе од едно големо претпријатие - должник или во две средни и во 5 мали претпријатија". Дали со тој член унапредуваме некого дека еден може да биде во пет претпријатија, а други нема кои се способни или бараме квалитет во работење, а знаеме дека половината

од стечајните работници се во работен однос. Значи, сосема не се согласувам со тој член и барам измени според тоа што го предлагам, да може таму во едно претпријатие да биде и најмногу во две мали.

Амандман има поднесено и на член 22 - грешка е во амандманите, став 1 е, во член 22, па прашувам, сигурно објаснување ќе добијам доколку овој амандман не се прифати, нема да се лутам, само објаснување барам. Претседателот на Судот во кој се води трговски регистар по претходно прибавено мислење од Министерството за стопанство и Стопанската комора на Македонија утврдува листа на можни стечајни правници. Утврдената листа еднаш годишно се иновира .Основниот суд во Радовиш не дава стечајни управници, дава одговорност за стечаи во општина Радовиш и Струмица. Како може да знае претседателот на судот во Струмица кои стечајни управници ќе бидат во Радовиш? Можеби лошо реагирам на тоа и предлагам листата претходно да се состави од Советот на општината, бидејќи е во интерес на општината кој стечаен управник може да биде и од каква професија. Доколку не биде изгласан, ќе се согласам, но барам објаснување.

Член 23: стечајниот управник го именува совет со решение. Мислам дека е добро кажано и во ставот 2 и 3 се негира самиот. Вели: "Прови решението на стечајниот совет, за именување на нов стечаен управник дозволена е посебна жалба". Тој што те поставува до него да се жалиш. Логиката е изоставена.

Во член 33 точка 3 - "За членови на Одборот можат да бидат назначени и лица кои не се доверители, ако со нивното стручно знаење може да придонесат во работата на Одборот". Незнам колкав ќе биде интересот, дали е доверител или не е доверител, за да си го бараат тоа

од претпријатието. Јас мислам дека доверителот треба да биде од внатрешноста на претпријатието, односно од доверителското претпријатие.

Член 39 исто така не се согласувам, можеби шкрт ќе бидам во тоа, меѓутоа награда за работата и надомест на трошоците на доверителите, вели "членовите на одборот на доверителите имаат право на награда за својата работа, како и надомест за реално потребни трошоци". Дали не е членот 39 награда за доверителите ако си ги повратат средствата? Тогаш се појавува награда и нивна и на претпријатието од каде потекнуваат. И овде имам амандман.

Имам уште два-три амандмани и сакам да кажам дека ќе барам од министерот амандманот 122 да ми го дообјасни, претходно реков, во став 3. "Против отказот за престанок на работниот однос во став 2 на овој член, работникот има право на приговор до стечајниот управник„. Стечајниот управник ги разрешува работниците во претпријатието, а работниците имаат право да се жалат до стечајниот управник. Зарем тоа има смисла? Кадија те тужи, кадија те суди. Јас мислам дека тоа не е потребно и би требало да претрпи измена. Може да си го бара работникот своето право во другите инстанци, а не преку тој што го именува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани колеги, неколку зборови во врска со овој закон кој е во последна фаза во Парламентот, а во државата досега се работеше по стариот закон од 1989 година. Причините за стечај регулирани во законот за финансиско работење беа сосема поинакви, за разлика од овие што сега се предвидуваат.

III/9.-

Кај мене дилема предизвикуваше дали насловот на законот да биде закон за стечај или закон за неликвидност на претпријатијата или трговските друштва по законот. Ова го кажувам од причина што ако го погледнеме членот 4 каде што стојат причините за стечај тоа се прво неликвидност, неспособност за плаќање, второ, претстоечка можност за ликвидност, пак неликвидност и трето, презадолженост, значи непланирана добро ликвидност, категорија својствена за земја која тежи кон добар развој.

Некои колеги изгледа овој закон не го разбрале, па ги спомнаа и јавните претпријатија. Јавните претпријатија може да појдат во стечај, но според законот за јавни претпријатија каде што на поинаков начин тоа е регулирано и треба да се реши, што значи не се избегнати но не е предмет на овој закон. Што се добива? Овде се три категории: должникот, прва категорија доверителот или обратно, оти оној што е должник утре може да биде доверител итн. Се почива на должничко доверителен однос и третата категорија тоа е управникот и стечајниот совет. Сакам да кажам неколку работи фактички што ќе се случи кај должникот.

Прво, во нашата држава ќе имаме намалување на работењето на почек, како што имавме досега.

Второ, подобрување на ликвидноста на доверителите односно на должниците и,

Трето, намалување на циркулацијата на паричните средства вон институциите на платниот промет. Што значи тоа? Со еден збор, оној што некому дал пари, а за тоа не издал документ, законот не му дава можност тоа право да го оствари, ниту да покрене стечајна постапка.

**ВАНЕ НАУМОСКИ: (**Продолжение)

За сега во пракса вакви случаеви имавме, сведоци сме дека многу луѓе кои вложија во одредени фирми тие средства воопшто не успеаја да ги наплатат, немаа документи. Овој закон ќе дава можност такво нешто да се оствари доколку профункционира.

Доверителите, прво да ги наплатат: побарувањата, ако е можно во пари од стечајната маса, второ во имот. Трето, подобрување на нивната ликвидност, четврта работа што е многу битно донесувањето на овој закон за оние кои вложиле средства или за оние кои во иднина планираат да вложуваат. Тоа се инвестирањата било да е тоа домашно инвестирање или странско инвестирање. Оној што вложил средства во одредена фирма кај одреден должник сака тоа да го наплати. Гледа сигурност во таа работа. Ако постои закон, овој закон ја дава таа можност и ми се чини дека во пракса ќе покаже резултати.

Посебна категорија е стечајниот управник. Дали е привилегија или не некои колеги овде по инерција дискутираа знаејќи до сега што се случуваше со задоволство прифаќаа да бидат стечаен управник, но која и беше целта? Ако однапред му е целта неуспешно да ја спроведе стечајната постапка се знае која е позадината, но ако однапред знаеш со каква тежина ќе се сретнеш со проблемот, многу се ретки луѓето што ќе се нафатат да бидат стечајни управници и квалитетно да ја изведат стечајната постапка. Јас сум за тоа да бидат компетентни и стручни лица да не бидат од редот на пензионерите, сепак од луѓе кои проблемите од стопанството добро ги познаваат.

Дилемата дали да биде на една фирма или не. Имаме постапка ако е успешен стечајниот управник таа брзо да ја заврши, едноставно може да води и повеќе. Кај мене остануваат три дилеми од законот, три прашања на кои Министерството ќе ни одговори. Тоа е:

Дали со овој закон не се дозволува намерно задолжување и намерно паѓање во неликвидност. Тоа во праксата може да ни се случи, бидејќи се работи за трансформиран титулар на сопственост - познати газди можат свесно да ја внесат фирмата во неликвидност и едноставно со тоа да им овозможат на најголемиот должник да ја земе. Тоа е дилема и прашање кое сметам дека во пракса ќе се судриме.

Второ прашање дали ревизијата има право и може да укаже на преголема задолженост во одредени фирми со тоа што доверителите да имаат сознанија што фактички ќе ги снајде. Кога велам ревизија мислам на извршената контрола од страна на инспекторите.

Третото прашање дали судиите во основните судови кои ќе ги водат овие постапки се доволно едуцирани и подготвени да се справат со оваа материја од областа на економијата. Сметам дека треба доедукација на дел од судството кое ќе ги води овие постапки за да можат успешно да ги завршат.

Ова се моите размислувања, сметам дека Законот ни треба ни требаше и досега и треба да се поддржи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот_Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, секако дека на дневен ред имаме еден закон од инсолвентното право кој во голема мера е компатибилен на европското стечајно право и тоа е добро, меѓутоа, морам да констатирам дека овој закон сепак доаѓа доцна по донесувањето на Законот за трансформација на општествениот капитал, а нормално беше потребно овој закон да дојде пред донесувањето на Законот за трговски друштва.

IV/3.-

Според тоа со овој закон и во Република Македонија се внесува поинаков третман и поинаква примена на стечајното право односно се врши трансформација на постојното стечајно право кое беше актуелно во период од седум години во РМ со примена на преземениот бивш ЈУ закон за стечај присилно порамнување и ликвидација.

Меѓутоа, кога зборуваме за овој закон да видиме колкав е неговиот реформски дострел сепак треба да се присетиме на некои работи кои се карактеристични за делувањето на веќе постојниот закон. Ние знаеме дека во формална смисла на зборот, стечајот според досега актуелниот закон од 1989 година кој беше преземен како ЈУ закон значеше елиминирање на економско-правните субјекти од правниот промет, но со акт на државата. Тоа беше решението на судот што значи во целиот период од 19 89 година цели седум години до денеска одлуките за стечај, присилно порамнување и ликвидација ги донесуваше државна институција - судот. Судот во должничко-доверителните односи имаше административна улога и не е добро таа административна улога да ја трансформираме во претприемаштво. Познато е дека државата и државните органи имаат слаб претприемачки дух.

Судот во должничко - доверителните односи имаше административна претприемачка улога во досегашниот закон така што санацијата на инсолвентните должници се вршеше на штета и на товар на кого? На доверителите. Тоа старателство на државата, на судот, на должниците пред се на должниците беше мотивирано од идеолошки премиси, бидејќи знаеме дека тој закон потекнуваше од 1989 година, знаеме во кои општествено-економски услови беше истиот донесен, дека присилното порамнување како инструмент за санација на должникот и негово одржување во живот беше приоритетно прашање на таа идеолошка премиса врз која фундираше овој закон и дека тоа е општествено поповолно од негово ливкидирање или дека давањето

приоритет на присилното порамнување со постојниот закон во суштина што значеше? Тоа значеше експропријација на имотот на доверителот во корист на должникот, а со цел да се одржуваат некои стопански субјекти и по цена на привиден мир спротивно на законитостите на пазарната економија на еден нееекономски, неадекватен начин да ги решаваме општествено-економските прашања и проблеми од стопанството што реков беше инспирирано и функдираше не врз пазарна, туку врз вонпазарна мета економска логика.

Доверителите не можеа по тој закон да водат стечајна постапка. Тие можеа од судот да добијат само едно извршна исправа како доказ дека барале и не успеале да ги намират своите побарувања во извршната постапка и ништо повеќе. Во суштина тоа е примарно право на доверителите и така е во стечајното право на државите од Европската Унија и еве по седум години стапува и во Република Македонија. Се разбира, дека многу доцна. Ова затоа што настанувањето на инсолвентноста или неспособноста за помирување на обврските не е причина да се истиснат пазарните механизми, туку напротив да се поттикнат, а санацијата на инсолвентните должници не смее да се изведува како што се изведуваше со присила и секогаш на товар и штета на доверителите. Во правната пракса до сега тоа беше така.

На доверителите треба да им се овозможи, а овој закон тоа го овозможува слобода имотот на должникот да го користат рационално односно тие да одлучат дали работењето на должникот треба да продолжи или да запре односно дали со продолжувањето на работењето на должникот се постигнува поголема вредност откако моменталната актуелна ликвидациона вредност раководени исклучиво по критериумите на пазарната логика од интересите и таквите одлуки во суштина треба да претставуваат одлуки со инвестициони аспирации.

IV/5.-

Присилното исклучување на доверителите и државното судско вонпазарно водење на стопанството во РМ мораме да констатираме дека е една од причините за масовното отворање на стечајни постапки во македонската стопанска стварност и за бројно продуцирање на стечајни работници. По силата на приликите и од уставната позиција како социјална држава ги сместуваме во социјалните фондови. Затоа со овој предлог на закон се врши и трансформација на македонското преземено ЈУ стечајно право во следните насоки.

Прво, на доверителите им се допушта слобода дали тие сакаат своите сопственички и економски интереси да ги остваруваат со ликвидација на должникот, со распродажба на неговиот имот или со негова санација што значи одржувањето на неговата организација и структура на управување или пак со негова реорганизација. Да се разбереме, погрешни решенија ќе има и во иднина, но економските последици и ризиците ќе ги сноси кој? Доверителите, а не државата, односно тие што се сопственици и на капиталот на должникот.

Доверителите секако дека ќе се определуваат за санација на должникот само тогаш кога со продолжувањето на неговата работа би добиле повеќе отколку би добиле со продажба на неговиот капитал. Притоа добрите претприемачи-доверители продадените средства, производните ресурси секако дека ќе ги насочуваат во позитивна стопанска активност. Тоа е во суштина и логиката за санација или ликвидација односно логиката е чисто економска односно инвестициона ориентација.

Затоа во предлог законот по мое мислење треба да се исфрли задачата што му се дава на судот во членот 58 стечајниот совет треба да одреди вешти лица по пат на вештачење да ја утврдува оправданоста на санацијата на должникот и што? Да наметне своја одлука на доверителите. Овде мора да имаме елементи на дерегулација, да го оставиме

судот да ја штити законитоста, да работи по прописите на правото, правната држава, да не се меша во стопанските субјејкти со дефинитивни одлуки. Ова затоа што пак велиме државата - судот арбитрира, се меша, ја стопира наместо да и овозможи изразување на автономната претприемачка слобода и волја на кого? На доверителите, кои врз основа на расправа тие сами да изберат најрационална одлука и најрационално решение и да си ја земат одговорноста за тоа. Само на тој начин ние ќе спречиме погрешно насочување на работниците пред институциите на државата и сталeн притисок. Процесите треба да се одвиваат во сферата на економските субјекти и носителите на развојот. Секое старателство на судот, на стечајниот управник би требало од овој закон да изостане.

За реформа на стечајно или инсолвентно право компатибилно на стечајното право на економската европска унија значи овде во овој член сметав дека е потребна дерегулација затоа што тоа е во согласност со основната реформска идеа за стечајното право третирано во овој закон а тоа е имотот на инсолвентниот должник економски припаѓа на доверителите и "никому.

Сега би проговорил нешто за инструментите со кои правно се врши операционализација на основната идеа за реформа на стечајното или инсолвентното право во корелација со предложениот закон.

Прва причина во структурата на сите причини е како општа, класична или традиционална причина за стечај е инсолвентност, што значи неспособност на стопанскиот субјект за плаќање и тоа трајно.

Втора причина ова е веќе новина на законот, заканувачка неспособност за плаќање како причина која само должникот може да покрене стечајна постапка. Видете, сега се јавува и должникот како економски субјект што може да покрене стечајна постапка. До сега тоа го

немавме и тоа кога? Во време кога сеуште не станал трајно инсолвентен. Тоа мора да го чини затоа што во кривичниот законик има одредба каде вели дека тој е одговорен да го планира тоа. Со тоа сме го затвориле прашањето дека секому кој има мирис и смисла дека му се заканува неспособност за плаќање, мора да се пријави.

Трета причина за стечај презадолженост на должникот. Тоа е кога неговата пасива билансот на трошковите ќе ја надмине неговата актива и со тоа ќе ја намали веројатноста за егзистенција на економскиот субјект на пазарот. Со тоа на совесниот должник во суштина му се овозможува пред да настапи инсолвентност како штета својата судбина сеуште правовремено да ја довери на кого? Да го извести судот, но на доверителите и да овозможи остварување на целите на стечајната постапка. Ова е многу важна чисто пазарна ориентација на новото стечајно право затоа што овозможува стечајната постапка да дојде малку порано,а не доцна кога нема на што истата да се спроведува. Зошто? Затоа што голема е веројатноста за остварување на побарувањата на доверителите и навремената елиминација на должникот од правниот промет како штетен економски субјект кој не смее да остане како штетен субјект односно со мала или никаква стечајна маса затоа што тој е штетен за доверителите, врши индукција на стечај и кај другите доверители,ги повредува економската состојба и го еродира капиталот на сите должници што се вклучени во тој круг.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (Продолжение)

Мора во оваа прилика да напоменам дека долгото нетрасформирање на постојното преземено ЈУ стечајно право со Законот за присилен стечај и порамнување од 1989 година направени се големи штети на македонското стопанство. Имено, со пријавата на Законот за платен промет, за блокирање на жиро сметка непрекидно 60 дена или 70 дена или 75 дена со прекини имавме државен интервенционизам и по службена должност, преземање на стечајни постапки.

Во периодот на делувањето на Законот за стечај присилно порамнување и ликвидација знаеме дека се појави и го донесовме Законот за трансформација на општествениот капитал. Со тој закон секако дека се овозможи и стечајот да добие функција на сопственичка трансформација и многу претпријатија низ тој модел на трансформација се вклопија во поголеми претпријатија и го продолжија својот економски живот, меѓутоа, исто тка морам да кажам дека со постојниот, стариот закон, за стечај и присилно порамнување и ликвидација и стечајниот судија имаше право, а тоа е огромно право да продаде цело претпријатие за мали вредности.

Со овој закон веќе имаме, да заклучам, нова правна положба на доверителите, одбор на доверители, тој што може да донесува суд и одлуки и да го менува стечајниот управник. Може да донесува одлуки за реорганизација на должникот врз основа на стечајниот клан и финансиска рехабилитација на субјектот ако е можна, врз база на економска логика или со други зборови, зајакната е и освежена улогата на доверителите.

Исто така има нова положба на судот кој што исклучиво се занимава само со примената на правото, врши надзор над законитоста и

она што го напоменав дека мислам дека треба вештачењето судот, што се инволвира преку вештачењето, тоа треба да се тргне за да имаме навистина една права дерегулација и слобода на економските субјекти сами да си ја земат економската слобода во сопствените раце.

Имаме зацврстување на правната дисциплина на должникот, потоа новина е воведувањето на личната управа или должник во владение, пак се дава слобода на сопственикот на имотот да се толерира во одредени ситуации од страна на доверителите, ако е можно да изврши финансиска рехабилитација. Уреден е институтот на меѓународниот стечај, наведени се субјектите каде се спроведува стечајната постапка, потоа наведено е дека стечајна постапка може да се спроведе не само на субјектите што имаат статус на трговец согласно одредбите од законот за трговските друштва, туку и нешто пошироко врз имотот на сите неограничено одговорни со должници во јавното трговско друштво врз комплементарите на командитното друштво и врз комплементарите на командитното друштво со акции.

Стечајната постапка е исто така издвоена со добро решение дека не може а се спроведе над имотот кој е сопственост на државата РМ, и со овој закон веќе проработува односно постојат правни елементи за заштитна функција на работниците што за жал со долго определување на постојниот закон таква функција немавме и затоа и социјалните немири што беа присутни во овој период мислам дека со институтите за заштита на работниците законот остварува и една уставна социјална функција затоа што се исклучува автоматизмот за раскинување на договор за работа со отворање на стечајната постапка во случаите ако има упаричување вработените се стечајни доверители, ако престанокот на дел на вработените се последица на стечајниот план или економската рехабилитација на стопанскиот субјект се воведува институтот стечаен

план со стечајниот план се врши, се обезбедува згрижување и на работниците кои што по сила на економските законитости можат да ги најде судбината на стечајот.

Од сите овие аспекти го поддржувам овој закон и во оваа прилика сакам пак да повторам дека добро е што се елиминира постојниот закон, затоа што долго во Републиката сеуште ќе бидат присутни во многу стопански субјекти долгови од доверители. Прашање ан време е кога тие долгови ќе се реализираат. Еве на пример земете го законот за 25-те загубари. Се трансформира долгот во влог. Прашање е кога тој влог ќе се врати. Така да последиците од постојниот закон долго ќе се чувствуваат, многу фондови се влезени во тој циклус како доверители чии влогови којзнае кога ќе се наплатат од Фондот за здравство, за пензионо осигурување, органи на државната управа и т.н. и мислам дека со овој закон сите тие работи остануваат како остатоци од делувањето на постојниот закон, но се ствар еден друг економски амбиент да не делува, да се исклучи делувањето на стариот закон и неговите катастрофални економски последици врз стопанството на РМ. *

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Драган Митев.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници, ме радува фактот што Собранието на РМ конечно го добивме и предлогот на законот за стечај. Кога го велам ова, конечно, не сакам да  искажам некое мое

незадоволство, туку напротив сакам да го искажам своето задоволство. Покрај многубројните досега донесени закони во Собранието, еве доаѓа и на ред овој закон, закон во овој момент. Со неговото донесување ќе овозможиме да се создаде ред во должничко доверителните односи во нашата земја бидејќи тој во овој момент навистина го нема и поради тој ред и поради постоење на некои активни стечаи имаме нерегуларно стопанство ниту пак имаме пазарно стопанство.

Со воведувањето на пазарниот модел за стопанисување на познат сопственик на капиталот, при што доминантно треба да биде приватниот капитал, неминовно се наметнува потребата за внесување на конзистентен закон за стечај. По извршената трансформација на претпријатијата со општествен капитал и нивното приватизирање без постоење на еден конзистентен закон аз стечај односно без регулирање на должничко-доверителните односи т.е. без прецизно утврдување на начините, формите, институциите и органите за намирување на доверителите кога ќе се извади способност за плаќање, неликвидност или кога непосредно ќе постои неизбежна неспособност за плаќање, односно неликвидност, или постои презадолженост на должникот односно неговата пасива ќе ја надмине неговата актива и неговиот имот не ќе може да ги порие неговите постојни обврски нема да бидат створени објективни услови за движење на капиталот од непродуктивни или послабо продуктивни кон повисоко продуктивни подрачја на нашето стопанство.

Но, дами и господо пратеници, потребата од донесување за ваков конзистентен закон за стечај не е предизвикана само од потребата за

создавање на поинакви основи на односите меѓу доверителите и должниците во постприватизациониот период туку таа потреба е условена и од нашата желба за брзо и ефикасно вклучување во европските интеграциони процеси, а особено од нашата потреба за финансиска поддршка од странство, особено од странските вложувања каде треба да постојат јасни законски прописи, па и во стечајната постапка особено кои интереси се диктирани од развиените западно-европски и други земји.

Од сето ова произлегува дека нашиот закон за стечај покрај што ќе овозможи брзо и ефикасно намирување на доверителите тој треба да биде и компатибилен со решенијата за стечај што ги нудат законите во земјите од Западна Европа, особено од земјите на Европската Унија.

Понудениот, од Владата Предлог на закон за стечај го сметам, имено, за таков.

Што е тоа поради што сметам и зошто излегов да говорам во овој Предлог на закон за стечај, за добар, а што за лош, и поради што сметам дека тој наполно одговара на нашите денешни потреби, ќе наведам во неколку реченици во моето натамошно излагање.

Прво, според Предлогот на законот основна цел на стечајната постапка е успешно и ефикасно намирување на доверителите ан стечајниот долг.

Второ, предлогот на законот точно ги утврдува и ги дефинира причините поради кои може да се отвори стечајна постапка и е утврдено со оглед на односниот квит причина кои може да покрене стечајна постапка.

Трето, во предлогот на законот се утврдуваат органите на стечајната постапка и се прецизираат нејзините надлежности, обврски, права и одговорности.

4.Точно е утврдена постапката и поведување на стечајната постапка, нејзиното водење и заклучување.

Петто, јасно е разграничувањето помеѓу стечајните доверители и доверителите на стечајната маса и се точно утврдени нивните права. Точно е утврден начинот на управувањето и располагањето со имотот што влегува во стечајната маса и начинот на намирувањето на доверителите во стечајната постапка и т.н.

Меѓутоа, дами и господа пратеници, чувствувам за потреба покрај со ова што го наведов досега да истакнам и некои позитивности и во предлог на законот за стечај за кои треба посебно да стане збор односно треба да се посебно нагласат во овој закон за стечај.

Еве само некој од нив: прво, решенијата понудени во предлогот на законот ги доведуваат доверителите во сосема нова, би рекол многу поповолна положба во стечајната постапка отколку тоа беше случај со досегашниот закон за степај. Тие не само што се овластени покренувачи на постапката за стечај туку во стечајната постапка тие имаат и свои органи кои суверено одлучуваат по битните прашања за водењето и за заклучувањетсо на стечајната постапка.

Второ, доверителите со правото за одлучување за назначување на стечајниот управник ја преземаат и одговорноста за обезбедување на

оптимално управување и располагање со имотот на должникот и за создавање на материјална основа за наплата на побарувањата од стечајните доверители.

Трето, во стечајната постапка значително е изменета улогата на судот. Имено, според предлогот на законот претставува арбитар кој по службена должност утврдува само факти, ги применува прописите, ги изведува сите стечајни постапки и врши контрола над доверителите од аспект на правната примена на прописите.

Четврто, значајна новина претставува и новиот пристап на третирањето на обврските по основ на плати на вработените. Имено, обврските по основ на плати на вработените претставуваат обврска на субјектот кој е ставен во стечај односно тоа е обврска на стечајната маса.

Петто, обврска на стечајната маса и обврските што произлегуваат од совијалнито план како што се обврските што произлегуваат поради обезбедување на друго работно место, потребата од преквалификации како и обврската за паричен надомест во случај на отпуштање од работа поради стечај.

Тоа се некои од позитивностите на решенијата што ги нуди овој Предлог на закон за стечај. Меѓутоа, дозволете ми, дами и господа пратеници, да укажам и на некои, според мене непроблематични туку тешко остварливи во овој момент решенија што ги нуди Предлогот на законот.

Предлогот на законот за стечај имено ги утврдува следните причини, меѓу другите, прво, неспособност за плаќање или неликвидност односно неможност должникот да ги намири своите стасани парични обврски во рок од 60 дена од денот на нивната стасаност.

Второ, непосредно престојна неликвидност односно кога должникот ќе ја стори веројатна неможноста да ги намири своите идни парични обврски на денот на нивната стасаност.

Трето, презадолженост, односно кога пасивата на должникот е поголема од неговата актива, па не ги покрива неговите обврски.

Ќе се задржам на секоја од наведените причини за отворање на стечајна постапка и ќе укажам кои се причините поради кои сметам дека поради нашата сеуште недоволна организираност ќе имаме големи тешкотии при остварувањето и водењето на стечајната постапка.

Имено, досега неликвидноста на стопанските субјекти ја констатираше заводот за платен промет и тој на некој начин покренуваше односно даваше предлог за покренување на стечајна постапка.

Со Предлог на законот за стечајната постапка што е предмет на нашето денешно разгледување и расправање, таа ингеренција на Заводот за платен промет му е одземена и овластувањето за покренување на постапката за стечаи е пренесена на доверителите. Се поставува прашањето дали доверителите реално ја имаат таа можност, ако тие немаат увид во состојбата на жиро сметката на должникот. Во развиените земји тоа може бидејќи доверителите со соодветни за таа цел организирани институции такви податоци добиваат. Ние во тој поглед сметаме дека сеуште не сме организирани поради што ке се појават потешкотии при спроведување на законот.

Во случаите кога како причина за покренување на постапката за стечај е непосредно претстојната неликвидност, оцносно кога должникот

ќе ја стори веројатната неможност да ги намири своите идни парични обврски на денот на нивната стасаност, овластениот покренувач, според овој закон, на стечајната постапка е самиот должник. Се поставува прашањето, и дилемата, за мене, многу голема, дали во денешни услови тоа ќе се случи односно дали некои од должниците сам ќе покрене иницијатива за отворање на стечајна постапка кога знае дека тоа носи кривична одговорност според новиот Кривичен закон. Тоа намерно е доведување на претпријатието во стечај или намерно доведување, така се вика кривичното дело и дали просто ваквата причина е применлива за самиот должник да покрене постапка за стечај.

И во случаите на презадолженост односно во случаите кога должниковиот имот не ги покрива неговите обврски бидејќи неговата пасива е поголема од неговата актива, кај мене се поставува пак уште една дилема која што се состои во следното.

Првата дилема произлегува од фактот дека кај нас податоците за односот меѓу пасивата и активата кај стопанските субјекти може' да се добијат од билансот на состојбата. Бидејќи билансот на состојбата се прави при изготвување на периодичната пресметка и изготвување на годишната пресметка, се поставува прашањето како ќе се утврди дали должникот е презадолжен пред изготвување на тие два документи.

Втората дилема произлегува од фактот дека периодичната и годишната пресметка со документи на стопанскиот субјект а увид

во нив сега има само Заводот за платен промет. Се поставува прашањето како ќе можат доверителите да имаат увид во состојбите кај должникот односно да знаат дали неговата пасива е поголема од неговата актива и да покренат или дадат предлог за покренување на стечајна постапка.

Почитувани пратеници, кога станува збор за предлог на закон за стечај, би сакал да се искажам и во врска со една покрената иницијатива во текот на носење на овој закон, односно со дадениот предлог во овој закон пред одредени комисиски тела и други организации надвор од законодавните тела да се вметне член или став во кој ќе се даде приоритет на вработување на стечајните работници што работеле во стечајното претпријатие во случај на неговото рестартирање што денеска е нормална појава, не се оди во стечај туку се оди во рестартирање, тоа е нормална појава и нормално она се што се одвива во тој поглед со стечајните работници кои бараат приоритет при вработувањето.

VI/1 ЈМ/ЛБ

**ДРАГАН МИТЕВСКИ: (**продолжени)

На ова сакам да се осврнам, бидејќи ние сега донесовме пред малку еден друг закон кој е во колизија со овој закон. Веднаш да изјавам дека на таа иницијатива, односно на тој предлог јас не му давам поддршка. Меѓутоа, не му давам поддршка затоа што тој не кореспондира со ниту еден од постојните закони , туку тој е во спротивност со основниот став што го вградивме при донесување на Законот за измени и дополнување на законот за работните односи и другите закони што ги донесе ова Собрание пред извесно време, а во кои се регулира оваа материја. Во сите нив е вградено начелото на слободен избор на работната сила од работодавачот. Според тоа, значи неможе да се примени ваква иницијатива како што сега се покренува од некои покренувачи. Според тоа ако со овој закон се даде приоритет на стечајните работници при вработувањето од рестартираното претпријатие се нарушува ова основно начело на слободниот избор на работодавецот, или работодавачот при избор на работниците.

И на крајот да заклучам со изјавата дека го поддржувам овој предлог на закон со овие забелешки кои ги изнесов и дека ќе гласам за него.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата,

Со предложениот проект закон за стечај се регулираат целите и задачите на проектот и она што е за мене многу важно е тоа да се дава и поддршка на натамошното опстојување на должничкиот деловен потфат, прашање со големо значење и за секоја пофалба.

Со член 3 став 2 предвидено е стечајна постапка да може да се спроведува и над имотот меѓу другото на умрено лице и над заедничкиот имот на брачните другари без за тоа да се прецизира . Мислам дека тоа

треба да биде возможно само во случај кога тоа е имот на стечајниот должник, а не било кога, односно во случај кога тој е изземен од стечајна постапка.

Член 4 од Законот зборува за причините поради кои може да се отвори стечајна постапка. Меѓутоа, мислам дека тоа како е направено по мене организациски не одговара и мислам дека требало да се направи така што првиот став да биде само член 4, а понатаму предложениот член 4 да ги објаснува, односно набројува кои можат да бидат причините како што се неликвидноста, презадолженоста и непосредната престојна неликвидност, со тоа што ќе се опишува секоја причина посебно.

Со член 8 е регулирано прашањето на доставувањето на писмената и тука имам забелешка на она што е речено таму, а тоа е дека судските писмена што се упатени на поширок круг лица се доставуваат и со прикачување на писменото на огласна табла за стечај во судот и дека тоа доставуваве се смета дека е извршено по истекот на третиот ден од прикачувањето на писменото. Има и еден друг услов, меѓутоа и таму се набројува дека ако не е поинаку регулирано со законот. При вакво решение се поставува прашање, дали треба должниците да висат, односно да бидат присутни секој ден во судот заради што сметам дека таквите судски.писмена треба да се објавуваат во службен весник и тоа да важи исто како за писмената предвидени со член 9.

По однос на стечајниот совет го поддржувам решението од став 1 на член 16, меѓутоа она што е решено со став 2 мислам дека може правно е одрживо. Меѓутоа, практично неодрживо од причина што ако стечајниот совет се состои од тројца судии од кои еден претседател, а стечајниот судија неможе да биде претседател се поставува прашање колку судии треба да има судот ако има повеќе стечајни предмети. Секако дека тогаш ќе се бараат повеќе судии отколку што е предвидено со сегашната организацијана судовите, па затоа мислам дека би било

потребно некое друго посоодветно решение. Добро е решението понудено со член 29 став 5 по однос на осигурувањето од одговорност бидејќи со тоа се дава нов квалитет на институцијата стечајна постапка. Главата трета ја регулира проблематиката на заклучувањето на стечајната постапка и таму во ставот 1 од членот 211 од проектот се вели дека веднаш по извршување на конечната распределба на средствата стечајниот Совет ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка. Меѓутоа, поучени од праксата дека некои постапки иако многу поодамна се отворени продолжуваат да трајат без да се види нивниот крај на мислење сум дека треба да постои одредба која ќе го ограничи траењето на стечајната постапка.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници и повереници на Владата,

Со оглед на тоа дека веќе се јавив за збор само би сакал едно укажување, односно прашање, односно може да се свати како дилема. Имавме неколку расправи по овој закон каде што беа изнесени забелешки, сугестии и поддршки на овој закон, а имајќи предвид дека и бројни прашања беа и дилеми поставени околу усогласеноста на овој закон со другите закони, како и некои други дилеми и прашања а имајќи предвид дека имаме тројца претставници на Владата по овој закон, тројца министри за финансии, правда и труд и социјала ниеден не е присатен во салата јас очекував ако не премиерот или потпретседателите на Владата да даде барем образложение некои од тројцата министри претставници имајќи предвиде дека ова е навистина важен и сложен закон и некои објаснувања. Би молел ако е можно некој

од претставниците на Владата а одговори на овие прашања, дилеми и дискусии на пратениците, а имајќи предвид дека досега немавме воведно излагање ниту на било кој претставник на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 122 став 4 по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 20 став 1 точка 1 и на член 328 став 1.

Пратеникот Славчо Чапов поднесе амандмани на член 20 за менување на став 2, член 22 став 2, член 23 за бришење на точките 2 и 3, член 33 за бришење на точката 3 и на точка 6, за бришење на член 39, член 46 за менување на став 1 и на член 122 став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман на член 350 по кој Владата не се произнела.

Очигледно дека пратениците се зафатени со една многу важна работа.

Објавувам пауза до 15,30 часот.

(По паузата)

Во меѓувреме пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 350 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ и Николина Трајановска, поднесоа амандмани на член 122 за менување на став 1 и на член 350 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандман за менување на член 58 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Вревезвоски поднесе амандмани на член 16 за бришење на став 2, член 22 став 1 и 2, на поднасловот на член 31 член 64 став 1 , член 190 став -1, член 197 став 1, член 229 став 2, и на член 273 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Вејсели и Александар Гештаковски поднесоа амандман на член 51 за менување на став 4 и за бришење на став 5 и 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи со прифаќањето би се нарушила концепцијата на самиот закон Остануваме на решението што е во член 16.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 точка 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман бидејќи се допрецизира членот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот на г-динот Чапов не го прифаќаме и сметаме дека решението кое што е вочлен 20 под точка 2 треба да остане. Сметаме дека во големо претпријатие може да биде само еден стечаен управник, во средно да може еден стечаен управник во две средни претпријатија, а во мали претпријатија да може да биде во пет мали претпријатија еден стечаен управник да ја води постапката.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Можеби не бев јасен и во дискусијата, можеби сум строг спрема овој член, меѓутоа ако може во едно големо претпријатие, или во две средни и во пет мали претпријатија, бидејќи мојот амандман е поднесен само да биде во едно претпријатие, а да неможе истовремено да биде во повеќе претпријатија. Дали може да се направи амандман да биде во едно големо, едно средно и две мали претпријатија. Бидејќи многу е тоа во пет претпријатија, го понижуваме останатиот кадар, како еден да е спремен за сите претпријатија, а друг нема спремен за стечајни. А од друга страна знаеме дека и стечајните управници повеќето се вработени. Јас мислам ако може нешто да се стори со тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот да крене рака? (28 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман Владата го прифаќа на член 22 став 1. Вториот амандман на г-дин Вревезовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да. Имате право. Овде е направена грешка во ист амандман содржани се двата става.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за бришење на точките 2 и 3 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Г-динот Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на поднасловот пред член 31 поднесен од пратеникот Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман Владата го прифаќа бидејќи се прецизира и усогласува став 2 на член 64.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 за бришење на точката 3 и на точката 6 поднесен од пратеникот Славчо Чапов. Господинот Чапов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 39 .

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Го повлекувам и овој амандман, ги повлекувам сите амандмани

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 51 за менување на став 4 и за бришење на став 5 и 6 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Александар Гештаковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа бидејќи се усогласува со позитивните законски прописи , односно со кривичниот законик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување н ачлен 58 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Сметаме дека треба да си остане решението на член 58. И не се согласуваме со образложението што е дадено на амандманот на член 58 од г-дин Трпеновски, бидејќи организации за вештачење како што има државни, така има и приватни веќе отворени. Така што тоа не е причина за да се избрише од овој член оваа одредба.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Логично е дека судот за одредени работи кои што не му се јасни да ангажира вешти лица по одредена проблематика. Меѓутоа, ако тргнеме од ова дека стечајниот совет е составен од тројца судии, значи тој е најбитен. Јас имам убедување дека стечајниот совет арбитрира, односно пак дека државата арбитрира. Во време кога постојат многу консалтинг фирми кои што се експерти за билансите да ги разгледуваат доколку

дојде до отпор на релација должничко-доверителни односи, стечајниот судија и спрема мене стечаен управник кој што потекнува од доверителите ќе испита дали должникот е неспособен за плаќање, или е презадолжен. Зошто да го мешаме судот? Да оставиме автономно нека ги користат сите овие институции кои што постојат консалтинг експертски групи да можат да им помогнат зошто нивната цел е да не се караат околу тоа кој е должник, не е целта да се расправаат и да се караат кој е поголем доверител ,или каква е состојбата на должникот. Целта и на едните и на другите како број еден е да остане субјектот да егзистира и тие треба сите заеднички инвестициони визии да ги насочат кон тоа. Така што верувајте дека ова пак ќе има за последица да работниците во случај на спор ќе го бараат судот, како што и досега се случуваше . Револтот се изразуваше каде? Пред судовите. Судот пак практично е тој кој ќе одбере кое ќе биде вешто лице. Не е тоа како во нормалните други постапки каде што ангажираш вешто лице заради непознавање на една материја. Сега во економскиов амбиент имаме консалтинг фирми од областа на економијата, нели имаме во областа за приватизацијата, нели школувавме кадар, и тн. оспособен за таа работа. Мислам дека стечајниот судија, привремениот стечаен управник ќе испитаат дали должникот не е способен за плаќање или е презадолжен. Во постапката за испитување тие можат да ангажираат една консалтинг фирма и да видат едно мислење каква е состојбата. Инаку натаму судските постапки ќе си се водат нормално по сите судски процеси, кој што не е задоволен. Но сега уште во расчистувањето на билансните дубиози ние го ... ( не се слуша).

Како сакате , за мене како гледање ова е релевантно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 поднесен од пратеникот Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман го прифаќаме бидејќи во точката 2 ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не мора да ни образлагате ако го прифаќате.

Отворам претрес по амандманот на член 122 за менување на став 1 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЈ1АВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани пертставници на Владата,

Овој амандман се предлага од таа причина што стечајните работници се навистина недоволно заштитени. Со овој амандман се нуди поголема заштита на овие стечајни работници од една страна.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ: (**Продолжение)

Работниците се навистина незаштитени. Со овој амандман се нуди поголема заштита на работниците, односно на стечајните работници од една страна, од друга страна' во претходните верзии во текстот беше предвидено онака како што е предвидено сега во амандманот. Незнам од кој причини е изменето ова.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Навистина една невкусна коинциденција и интервенцијата на претседателот на Собранието токму пред овој амандман да укаже на потребата, односно непотребата од објаснување на претставникот на Владата. Јас мислам дека ако по некој амандман има потреба претставникот на Владата да објасни, е токму по овој амандман и ќе објаснам зошто. Прво да го потсетам претставникот на Владата да верзијата на Законот за стечај, која што беше повлечена , иако беше на дневен ред на седницата пред летните одмори и една од новините која што така беше објаснувана и што беше наговестувана како една од многуте квалитети пренесен комплементарно од земјите на Европската унија дека стечајот по автоматизам, не значи престанок на работниот однос за работниците во претпријатијата должни кои потпаѓаат под стечај, без никакво објаснување, потоа одлагање во оваа верзија на законот, мислам заради тоа е одложен законот, наместо да не им престануваат договорите за работа на работодавците кои што потпаѓаат под стечај со работниците, оваа верзија сега има дијаметрално спротивно решение, односно да им престанува. Сметам дека ова вакво решение не одговара со духот на самиот закон , не одговара со понатамошните одредби и со ставовите од

истиот член 122 каде што вели укажувам на тоа дека првиот став вели дека со отворањето на стечајната постапка на работниците кај работодавачот кој е паднат под стечај им престануваат договорите за работа согласно условите и начинот уредени со закон. Во вториот став, контрадикторен на ова првото вели дека на работниците кои поради технолошки, организациони, економски и други промени за понатамошни работа на претпријатието во стечај, ако се тие промени неопходни, може вели да им престане работниот однос со отказ. Мислам дека една нелогичност и контрадикторност, најнапред со првиот став кажува генерално дека со отворањето на стечајна постапка договорите за работа на работниците кај работодавците чии претпријатија се под стечај, престануваат а во вториот став кажува дека на некои работници поради економски, технолошки или организациони промени може да им престане работниот однос со отказ. Мислам дека тоа со друго е контрадикторно и не се совпаѓа, бидејќи се знае за заснивањето на работниот однос е со потпишување на договори за работа меѓу работниците и работодавците. Тоа и не е толку битно , битно е дека ова решение што беше првично и решение со кое што ги повикуваше на едно позитивно оценување и на самиот закон за стечај, како нов закон, оваа проблематика на стечајните односи, а тоа значи дека не значи по отворањето на стечајната постапка дека веднаш сите работници од тоа претпријатие треба да одат во Заедницата за вработување, како што е за жал, катастрофалната состојба со последиците од една таква уреденост на односите во постојниот позитивен закон за стечај. Самиот дух на законот, самата суштина и цели на законот е дека кога ќе се воведе стечај,  дури не мора да се ангажираат судските органи , има и една таква под глава да кажам во овој закон и на отворен стечај да дозволи лично управување и располагање со имотот и вработените на претпријатието кое е под стечај, каде што по основната цел на

намирувањето на доверителите и поентата во самиот закон и во неговата суштина и тоа се дава на доверителите. По отворањето на стечајот со таа обврска да мора во рок од три месеци да се свика Собрание на доверителите, тие да одлучат за понатамошната судбина на претпријатието. Дали ќе оди со опаричување или ќе оди на доверителитет да оценат под кои услови во кој обем и со колку вршители наново може тоа претпријатие во стечај да продолжи да работи нормално, со претходно намирување на обврските на доверителите.

Моето укажување е како едно упатување дека навистина доаѓам од една општинска средина каде што стечајот е едно големо зло, каде што последиците верувам и во сите други општини во Републиката не се како што е целта на овој закон да се намират доверителите, туку последиците ќе повторам за жал, катастрофални со енормно зголемување на бројот на невработените на веќе постигнатиот степен на вработеност, тие вработени стечајни работници, со едно вакво продолжување на уреденоста на престанокот на работниот однос со отворање на стечај, верувам дека и понатаму ќе се продолжи тој тренд на зголемување на процентот на невработеноста во Македонија, само по овој основ на отворање на стечајни постапки. Предлагам и потенцирам дека е многу логички и многу е во духот и вкупната оценка за потребата од усвојување на овој закон овој момент да не значи стечајот и престанок на работниот однос на работниците, односно тоа да зависи од извештајот што ќе го даде стечајниот управник во рок од три месеци до Собранието на доверителите , или одборот на доверителите, па тие нека оценат која ќе биде понатамошната судбина на работата на претпријатието, кои се тие економски, технолошки и организациони промени, со намалување на бројот на вработените, нормално, како што укажува и самиот закон со обавезно спроведување на оние мерки, на оние социјални права кои се од член 130 од Законот за работни односи, тоа е или друго вработување,

или преквалификација или отпремнина со едно месечна плата за секој двегодишен работен стаж кај работодавецот.

Во оваа насока, со ова објаснување Ве молам , бидејќи искуствено и во општина Кавадарци, а верувам и во општините кои што Вие ги претставувате и ги застапувате, оваа социјална структура најзагрозени работници стечајни, ова е многу битен момент, бидејќи ова што се предлага не е во спротивност со целта и духот на самиот закон за стечај, овој амандман да биде позитивно прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според ова што го кажавте г-дине Минов немало потреба ниту за коинциденција ниту за тенденција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас имам право како пратеник да барам од претставникот на Владата да се изјасни по ова мое изјаснување со аргументи во однос на образложувањето на амандманот и би молел претставникот на Владата да се произнесе да земе збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие имате право да барате, а претставникот на Владата или да се јави или да не се јави, бидејќи еднаш се произнесе.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 122 став 3 поднесен од пратеникот Славчо Чапов.

Г-динот Чапов ги повлече сите амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 122 став 4 поднесен од Комисијата за труд. и социјална политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници овој амандман Владата не го прифаќа сметаме дека сите вработени треба да имаат подеднакво право на вработување меѓу другото и во организациите во кој што е стечајот. Стечајниот управник може по претходна добиена согласност писмена од стечајниот судија да склучува нови договори за работа, за заснивање на работниот однос, за завршување на започнатите работи и за отстранување на евентуалните можни штети. За тоа може да ги повика и работниците што претходно работеле, може и да не ги повика. Сметаме дека не треба да има одредено ограничување во ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Должам едно мало објаснување, бидејќи сум претседател на комисијата. Ние како членови на Комисијата го разгледувавме овој закон, а посебно обрнавме внимание на став 4 од член 122 и респектирајќи го образложението на заемникот министер за финансии дојдовме до заклучок дека сепак во практична смисла на зборот често пати доаѓаме

во ситуација стечајните работници , односно некогаш ние не можеме да речеме некогаш дека една работна организација дошла под стечај по вина на сите вработени,макар да условно тоа така би требало да се размислува, меѓутоа, лично сметаме дека од тие стечајни работници во рамките на својата дејност има голем број на обични стручни лица, хемичари, инженери и квалификувани работници и т.н. , тоа можам да го кажам и со примерот на "Чик" од Куманово или "Киро Фетак" од Куманово во кои имавме извонредно квалификуван кадар кои имаат извонреден квалитет да се вклучат веднаш во процесот на производството , меѓутоа, еве сега со законот за стечај ние ги сместивме во Законот за работни односи и сметаме дека сите работници кои се невработени имаат нормално подеднакви услови во вработувањето. Нашата интенција на членовите на комисијата бевме да не го нарушиме овој принцип на еднакво во права смисла на зборот, меѓутоа, велиме дека подеднакви услови . Ако овие вработени имаат подеднакви услови во однос на квалификации, умешност и т.н., зошто малку да не размислуваме за тој работник кој бил 20 години во "Чик"- Куманово или "Киро Фетак" во Куманово, или во некоја друга организација во Републиката , да нема мала предност пред другите вработени бидејќи тој најбрзо може да се вклучи во тој технолошки процес кој го обавува таа организација. Тоа е од интерес и на стечајниот управник и на стечајниот судија, меѓутоа во интерес на работната организација која треба да се ревалитира, односно да се обнови , со единствена цел да создаде доход кој би бил интересен , односно да ја извади организацијата од таа криза. Во таа смисла, ние членовите едногласно без ниту еден против , прифативме еден таков амандман да поднесеме со сиот респект , она што го зборуваме закон за работни односи, меѓутоа, го користиме и член 130 од Законот аз работни односи каде одреден дел на работниците кои се под стечај можат како технолошки вишок и т.н. да имаат некаква предност во однос на

преквалификација, ново вработување и така натаму. И ние велиме дека е добро во овој закон да ја имаме таа мала предност, повторно , почитувајќи го доверителот , во права смисла неговиот капитал да биде комплетно заштитен, бидејќи се наоѓа во овој закон. Од тој аспект ние како Комисија предложивме еден ваков амандман и би молеле пратениците да го имаат предвид овој амандман и ова мое кратко меѓутоа доста содржајно образложение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?(24 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 190 став 1 поднесен од пратеникот Димитар Вревезоски,

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, заради избегнување на можностите за одолговлечување на постапката по членот 190 , а со предложениот амандман од г-динот Димитрије Вревезоски, сметаме дека со утврдување на рок од 30 дена за оспорување на одредено побарување ќе се придонесе за скратување на постапката на стечајот. Го прифаќаме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 197 став 1 поднесен од пратеникот Димитрије Вревесоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман на г-динот Димитрија не го прифаќаме бидејќи не е доволно прецизирано утврдувањето на оправданите причини кои што должникот треба да ги искаже пред стечајниот судија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор , го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 229 став 2 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезоски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа со една корекција да стои рок до 90 дена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали предлагачот на амандманот се согласува ( се согласува)

отворам претрес по амандманот на член 273 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезоски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи во членот 27 3 се зборува за судски совет амандманот е прифатлив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

отворам претрес по амандманот на член 328 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 350 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Има' повеќе амандмани на членот 350 на законот за стечај.

Тие претежно се однесуваат за скратување на рокот за примена на овој закон. Ние останувaме на нашето решение дека законот треба да влезе во примена после шест месеци од денот на неговото донесување, бидејќи се работи за еден доста обемен и сложен закон за кој што имаме сугестии од Министерството за правда и од правосудните органи дека ќе има потреба од одреден временски период во кој што треба да се совлада овој закон за да може да се применува. Според тоа и амандманот на г-динот Мирко Пецов не го прифаќаме.

VII/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Дали некој друг бара збор?

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници јас сакам овој рок да биде не шест месеци за примена на законот, туку три месеци и мислам дека за три месеци и најдобар и најголем испит можат да го научат и судството и извршната власт. Три месеци се навистина доволно време да се научи теоријата, а после треба да почнеме со пракса, бидејќи доста овој закон се влече и мислам дека за стопанството е многу битно еден ден, а не три месеци. Сите тие што сакаат да инвестираат, сите тие што заглавиле пари некаде и сакат да ги решат што побрзо е многу важно еден ден, а не 90 дена.

**МИРКО ПЕЦОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)**

Мислам дека е многу важно да го скратиме овој рок, и да помогнеме на оние кои сакаат да инвестираат, да ги осмелиме да инвестираат што побрзо. Така, се чудиме зошто не сакаат да инвестираат. Една од работите беше зошто го нема и овој закон. Сега го донесуваме и не треба да го оспоруваме и плус три месеци да му даваме. Мислам дека, јас сепак респектирам дека треба да има време, меѓутоа сметам дека три месеци се навистина доволно време за да се научи како теорија и да почнеме да го применуваме во практика.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака?

(22 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 350 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

И овој амандман не го прифаќаме од причините што претходно ги кажав при поднесувањето на амандманот од господинот Пецов.

VIII/2.-

**ТИТО ПЕТЌОВСКИ:**

Господин Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Со цел респект кон мислењето на заменикот министер, образложението што го даде по амандманот и од господинот Пецов, и уште еден сличен амандман на овој мојот амандман за намалување на рокот за примена на законот.

Ние, и вчера на Комисијата за економска политика и развој прилично разговаравме околу оваа проблематика. Имаше поделени мислења. Се договоривме да не се надгласуваме во рамките на Комисијата, туку поединечно да ги поднесуваме овие амандмани.

Јас, до сега и вчера на Комисијата и денеска навистина не слушнав ниту еден валиден аргумент зошто примената започнува по шест месеци на овој закон. Имено, не сакам да навлегувам во правните аспекти, затоа што има правници кои многу повеќе тоа и подобро го знаат од мене. Но, ако се работи за еден закон што треба да има и те како одраз во стопанството во Република Македонија од еден економски аспект, не успеав никако да ја согледам валидноста и потребата за примената на овој закон после шест месеци. После анализата, вака подетално анализирање на оваквиот предлог можев да заклучам само едно дека предлогот за примена на овој закон после шест месеци нема никаков друг аргумент освен политички аргумент.

Имено, можеби некој ќе се согласи а некој не, моето мислење е, со предлогот овој закон да се применува после шест месеци индиректно се признава тешката состојба во нашето стопанство. Имено, ако се

дозволи примена на овој закон после еден или два, или три месеци, со давање на примат за поведување стечајна постапка на доверителите, сметам дека ќе се доведе во една состојба кога еден поголем број стопански организации во РМ ќе се најдат во една незавидна положба. Во тој момент доверителите што не се под политичка контрола ќе ја избегнат, ќе избегаат надвор од контролата за подигнување на стечајни постапки. Ова е мое мислење.

Уште еден аргумент дека ова се прави со цел да се прилагодат лицата кои ќе работат на оваа проблематика дека пред се органите во правосудството и другите кои ќе бидат задолжени , колку што мене ми е познато, јас мислам дека ќе има доволно време и за два месеци да се подготват, бидејќи уште законот денеска, не донесен, од утре веќе во Струга започнува советување, најавено на големи врати, што ќе се расправа токму по овој закон. Тоа значи дека некој веќе уште одамна се подготвува и уште од сега се подготвени луѓето, списокот за стечајни управници бидејќи тоа е многу доходовна функција. Најголемиот грабеж што се одвива тоа е водењето на стечајните постапки. Сакате тоа да го признаете или не, тоа е факт.

Спрегата помеѓу стечајните управници, спрегата помеѓу стечајните судии, тоа никој досега не успеал да го оспори дека е факт, дека е најголемиот грабеж што се одвиваше во минатиов период во Република Македонија. Таа спрега овој закон треба до некаде да ја оневозможи. Од тие причини сметам дека што побрзо за месец или два овој закон ние мораме да го прифатиме.

Само сетете се каква расправа имавме околу постапката за ТАТ и стечајната постапка.. Од кои причини баравме Владата да го преземе имотот. Станете овде и кажете фирми, организации што отишле под

стечај, набројте десетина, што ги немало во Македонија, можеби ги има стотина сега под стечај, каде што ги немало овие малверзации. Со продолжувањето на примената на овој закон таа агонија ќе ја продолжиме.

На крајот, многу добро се сеќавам уште на почетокот некаде на 199 5 година или на почетокот на нашиот мандат, мислам дека беше некаде декември 199 4 година, еден од претставниците на Владата на РМ овде рече дека по наредба на Светската банка, по наредба на ММФ ние, сакале или не мораме под итно да го донесеме законот за стечај во РМ. Еден од главните услови што тие меѓународни финансиски установи го поставувале. Сега, кога толку го одолживме, ние сега на крајот даваме рок уште од шест месеци за отпочнување на неговата примена.

Затоа сметам дека треба да ги надвладееме политичките рамки овој закон да го ослободиме однапред од политички спреги и дека треба овој амандман да се прифати.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го) усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 350 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Николина Трајановска.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

Во меѓувреме, господинот Шапуриќ го повлече амандманот.

Во меѓувреме, пратеникот Борис Павлов, поднесе амандман на член 20 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Павлов има збор.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници од Министерството.

Јас мислам дека овој амандман треба да биде прифатен и не гледам некоја причина зошто не е прифатен од страна на Владата, бидејќи се однесува на следното.

Во член 20 став 2 јас предлагам да се измени и да гласи:

"Еден човек да може да биде стечаен управник на едно големо претпријатие, едно средно или најмногу на две мали претпријатија".

Заменик министерката кажа дека не го прифаќа. Мене стварно, не ми е јасно зошто не го прифаќа. На некој начин нема ниту критериум што е големо, што средно. Знаеме што е мало претпријатие. Која е разликата меѓу големото и средно претпријатие? Веројатно во Македонија нема толку големи стручњаци, експерти што ќе можат да водат две и три претпријатија. Тие претпријатија знаеме во каква положба се. Ако ги

носиме во стечај сакаме на некој начин да не го ликвидираме претпријатието или да не го уништиме, туку ако може да се рестартира, да може да се обнови. Незнам дали еден човек може да води истовремено две претпријатија без оглед дали се во стечај или не. Мислам дека решението предложено од Владата за мене е апсолутно нерационално и ценам дека е многу порационално тоа што го предлагам јас, затоа што на некој начин и искуството зборува дека порано дури имавме и повеќе од две-три и десет претпријатија и тие претпријатија едноставно ги снемуваше.

Ги молам пратениците да го прифатат амандманот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Им збор господинот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе,

Би сакал да дадам поддршка на амандманот на колегата Павлов. Аргументите се исти. Јас не можам да сфатам дека во РМ која има два милиона граѓани нема толку голем број способни луѓе кои би можеле истовремено да бидат стечајни управници. Дали тоа значи дека државата е поделена на една мала група многу способни и сите други неспособни луѓе. Овие кои се способни мораат истовремено да водат и три и четири фирми.

Од овој аспект и од причина што мислам дека сепак ако сакаме тие претпријатија што се во стечај да почнат добро да функционираат, потребно е стечајниот управник таму да биде осум часови или повеќе, а

не да поминува по два-три часа на едно, на друго или на трето место. Мислам дека тоа е девалвација на работењето на стечајните работници. Затоа давам поддршка на амандманот на колегата Павлов.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (49 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (2 пратеници).

Молам за информација колку пратеници се во салата, бидејќи според резултатите од гласањето испаѓа дека во салата се присутни 51 пратеник.

Значи, некои очигледно не гласале.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 20 за менување» на став 20, поднесен од пратеникот Борис Павлов.

Продолжуваме со претрес на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Пратеникот Газменд Ајдарага во меѓувреме поднесе амандман на член 8 став 1, кој гласи:

"Во член 8 став 1 се менува и гласи судските писма што се упатени на широк круг лица се објавуваат во Службен весник на РМ. Јавното објавување произведува дејство по протекот на осум дена од денот на објавувањето во Службен весник на РМ".

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи овде се работи за доставување, сметам дека амандманот не треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Мислам дека овде се работи како за член 9, таа слична постапка е иако се работи за доставување. Меѓутоа, во случајов се работи за доставување кога е преку објавување Да не се дозволи да бидат малтретирани, да кажам, доверителите. Тогаш, во тој случај мислам дека постапката што ја предлагам со понудениот амандман е поприфатлива. Во спротивно треба сите должници да висат во судот и да гледаат дали има таква објава или не.

Јас мислам од тие причини дека е прифатливо. Слично се постапува и во член 9. Од тоа е предложено. Инаку, не менува, колку јас ја разбирам таа работа, мислам дека не менува ништо во суштина. Едино што се дава едно поголемо право да бидат сите доверители запознати преку Службен весник а Службениот весник е јавно гласило.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Ако никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Господинот Минов деловничка интервенција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Сакам да објаснам зошто ќе гласам против донесувањето на овој закон.

Едната причина ја кажав со образлагањето на амандманот за тоа со отворањето на стечајните постапки не престануваат договорите за работа на работниците во претпријатијата во стечај.

Втората, уште поголема причина е неприфаќањето на амандманот при кој јас се придружив овој закон да влезе во сила во еден нормален рок од месец-два, а не како што е предложено од предлагачот, Владата, да влезе во примена дури после шест месеци.

Кои се новините во овој закон? Новините во овој закон се во делот на целите на стечајната постапка, во делот на причините на стечајната постапка. Со одредени модификации во делот на подносителите на предлозите за стечајна постапка, во делот на органите на стечајната постапка и самите фази на стечајната постапка, идентични се со претходниот закон. Нема потреба од тоа што го објасни претставникот на

Владата толку долг период од шест месеци за да се направи еден временски тајминг за да се прилагодат надлежните органи.

А, суштинските работи се оние што се во прилог на заштита на работниците во оние претпријатија што ќе потпаднат под стечај. Фактички, со донесување на вакви одредби во преодните и завршни одредби, примената да биде после шест месеци, фактички ја продолжуваме агонијата после шест месеци на стечајните работници што се сега во една катастрофално лоша состојба. Тие работници, стечајни работници што сега се во една катастрофална состојба, таа значи дека со отворањето на стечајот на евиденцијата на Заводот за вработување, значи губење на работниот однос и работното место и во најголем број на случаи затворање на стечајните претпријатија.

Овој закон важи за тие работници. Предвидува да се определи, прво, каква е вистинската економско-финансиската состојба на претпријатијата и ако има потреба за неопходност, за понатамошно работење на претпријатијата да остане некој без работа со отказ, за тоа да се задоволат неговите права што ги има од Законот за работни односи што ги кажав тука, а се пред се, најмногу ќе бидат искористени во отпремнината, максимално до 12 плати.

Сега, како стои состојбата, тоа ние сакаме со усвојувањето на еден ваков закон да го продолжиме со примена после шест месеци. Сега стои дека тие стечајни работници до недела дена отворање на стечаите, да одат во заводите за вработување и таму го користат само по Законот за вработување она што значи паричен надоместок за материјално обезбедување.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Со новите измени на Законот за вработување од 24 месеци сега е намалено максималнмо на 18 месеци, зависно од работниот стаж. Значи, ние ја одолжуваме заштитат ана правата на луѓето кои ќе навлезат во една ваква најлоша социјална состојба и со најдиректни последици од отворањето на стечаите, а тие да бидат во Заедницата за вработување.

Со овој Закон кога се одлага, а јас предлагав и се залагав да не се одлага, туку она што не е во спротивност со постојниот закон да се применува и во овој Закон. Така што овој дел на заштитни мерки на заштита на правата на работниците, и самите доверители кога ќе оценуваат дали ќе го ликвидираат претпријатието понатаму, нормално дека ќе му биде повеќе од интерес претпријатието ако работи преку тоа да има реалност дека нивните побарувања воедно само во натамошно работење на претпријатието да биде реално и извесно да се очекува да и се вратат побарувањата. Тоа е едната причина.

Втората причина зошто овој закон се одлага непотребно и затоа нема да»гласам за овој Закон, тоа е дека со овој Закон за разлика од претходниот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вашите пет минути поминаа, г-дине Минов.

**ПАНЧО-МИНОВ**:

Само момент, ќе завршам. само затоа што со овој закон работниците, за разлика од претходниот закон, се утврдуваат како стечајни доверители на стечајната маса, а досега тоа не е така. Тоа исто така е во интерес и ние тоа сакаме исто да го одолжиме за 6 месеци.

IX/2.-

(Претседателот Тито Петковски му се обраќа во исто време со зборовите: "г-дине Минов Ве молам"). Значи, се што е во интерес на работниците го одлагаме за после 6 месеци, што значи дека и агонијата со тоа се одлага.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ја разбирам потребата да го надоместите изгубеното во општата дебата, меѓутоа, поминат 5 минути.

Дали уште некој се јавува?

Г-динот Станковски има право да каже како ќе гласа и зашто така да гласа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

го користам своето право да кажам - јас ќе се надоврзам како ќе гласам, со тоа ќе се надоврзам на дискусијата на Панче Минов за овие 6 месеци. Фактички власта 6-те месеци сака да ги искористи во овој закон да има право да наметне и да бира свои луѓе за функции кои се многу чувствителни, во фирми кои ја носат најелементарната или најсуптилната материја, претпријатија кои се во една состојба каде сите вработени не знаат за својот статус и тоа како аргумент да го искористат во корист пред изборите за да можат да поставуваат свои луѓе за директори и да ја имаат потполната контрола над стопанството во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

кажаа веќе двајца се против, дај кренете рака, Ве молам.

Кој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за стечај.

Преминуваме на Втората точка - Предлог за донесување закон за Македонскиот јазик, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Митрева

**ИЛИНКА МИТРЕБА:**

Г-дине претседателе, дами и г-да, мислам дека еден толку витален закон не треба да помине без дискусија барем во делот на општата расправа и затоа дозволете ми да кажам неколку зборови.

Пред се, би сакала да го изразам задоволството што во мандатот на овој собраниски состав се става на еден ред едно од најважните прашања за духовноста на секој народ, а тоа е јазикот.

Заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот јазик, клучните начела на овој закон, се потпираат или црпат искуство од една повекевековна цивилизациска практика, што еве пред нас се реализира во 14 членови на овој едноставен но битен Закон. Иако доага можеби малку задоцнето, но како што велат французите "подобро подоцна отколку никогаш", убедена сум дека овој Закон ќе ја претстава правната основа за колективната и индивидуалната грижа околу употребата на јазикот. Кога веќе ги споменав французите, дозволете ми во неколку реченици да укажам на фактот дека Франција спаѓа во редот

на оние земји кои во Историјата покажале највисок степен на грижа околу јазикот и во таа смисла дозволете ми да ве информирам, да ги пренесам дека уште во XVI век во Франција се формира една поетска група Плеада и го издава делото "Одбрана и славеле на француските јазик", многу важно дело кое освен Пофалбата, одбраната, вклучува и збогатување и унапредување, развивање на францускиот јазик. Тука спаѓа и активноста на Францусkата Академија за која сите знаете дека е формирана во XVII век, со основна задача да ги издаде следниве многу битни дела или ако сакате прирачници за остварувањето на јазичниот корпус. Тоа се: Речник, Граматика, Реторика и Поетика на францускиот јазик.

Кога сме веќе кај Франција, која што ја избрав за пример околу грижата на јазикот, дозволете ми исто така да ве потсетам на една континуирана грижа што се случува во оваа земја во однос на јазикот, ако се сеќавате , во оваа половина на нашиот век тие презедоа мерки за заштита на францускиот јазик од империјалното на зборови од Англискиот јазик, пред се, преку Американската попкултура, филм, музика и уште повеќе преку технологијата на модерното живеење. Се сеќавате, тоа е оној термин кој што долго време беше во оптек во Франција како Франгле.

Јас би сакала после оваа слика за тоа како се води грижа за сопствениот јазик да се вратам малку во нашиов контекст. Во наши услови пак сведоци сме на една континуирана и во последно време засилена агресија врз Македонскиот јазик, култура и книжевност, а со самото тоа и агресија врз македонската нација. Оваа агресија е обмислена, диригирана и синхронизирана и доаѓа од извесни политички центри надвор од нашата земја. Под раководството на истите овие центри работат разни, и дури би ставила во наводници "научни

установи", академии, институти за Историја, институти за Јазик, институти за Книжевност, а во нив дејствуваат научници со звучни титули кои преку еден вид научен и недопустлив жонглерај настојуваат да му дадат научно покритие за она што е во суштина политичка акција насочена кон негирањето на Македонскиот јазик и народ, на неговата историја и книжевност.

Постои и еден друг вид на агресија, која само навидум е помалку опасна. Тоа е онаа тивка ерозија на јазикот, во која несвесно учествуваме и ние, ние самите. "Некои од нас поради недоволното познавање на нормите на македонскиот јазик, некои од нас поради индолентност, други пак поради еден вид на помодност - нели е хит да се биде кул, како што се вели во жаргонот. Ова огромно поле на тивка агресија врз јазикот отвора можности на онаа обмислена, диригирана агресија од надвор, за која веќе реков неколку зборови, а во чија служба, дозволете да го кажам и тоа, се ставаат и некои домашни политички структури.

За среќа, нашата држава поседува научни институции, Универзитетот, Македонската академија на науките и уметностите, Институтот за Македонски јазик и други кои по природата на нештата се занимаваат со јазикот, се грижат за него и неговото унапредување.

Друго прашање е и предмет на една поинаква дискусија, за која верувам дека ќе биде отворена во скора иднина, што на пример Институтот за Македонски јазик сеуште не го завршил толковниот речник на Македонски јазик или пак што Македонската академија на науките повеќе занимава со сопствената кадровска политика и величина отколку што со политиката на јазикот и неговата величина.

IX/6.-

Се разбира љубовта и грижата за сопствениот јазик не може, не смее, не треба да заврши и да им биде препуштена само на научните институции Тоа го знаеме, јазикот сме сите ние секојдневно. Ерозијата на убавината и богатството на нашиот јазик исто така ни се случува секојдневно, во приватната, во јавната комуникација, во медиумите, телевизијата, весниците, списанијата, во - ова ми се чини особено важно - одамна нелекторираните школски учебници и други прирачници, во клишетираниот и застарен јазик на државната администрација и судството, во поплавата на имиња и натписи на фирми претпријатија, продавници кои се далеку од нормите на Македонскиот јазик и кирилската азбука, па се до зборот што се слуша од говорницата, дозволете, на овој Парламент.

Затоа верувам, и со тоа завршувам, дека овој Закон ќе го внесе почетниот ред во почитувањето на нормите во употребата на Македонскиот јазик во сите рамништа на општеството, неговите институции и дека ќе даде импулси за натамошно размислување околу овој мошне сложен значаен и би рекол суштествен проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Белчески.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, денес учествуваме во собраниска расправа за донесување на Законот од областа, закон кој ќе ја регулира употребата на Македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

IX/7.-

Иако ретко во Собранието на РМ се зборува за културата, сепак неколкуте точки кои досега се разгледувале во овој состав на Парламентот, како онаа за Информацијата за актуелните состојби во сверата на културата и проблеми во сверата на културата во РМ, како и Законот за авторско право и сродните права, а темата култура секогаш била присутна и при донесувањето на Буџетот и ребалансот на Буџетот, што беше пример со ребалансот на Буџетот за 1997 година, што го донесовме на претходната седница. Сето ова зборува дека и тоа како е потребно повеќе да се зборува за културата овде, а по повод некој покрупен законски проект, како на пример Законот за култура, кој никако да дојде на дневен ред. Се надевам , во еден разумно краток временски период Собранието ќе го разгледа и донесе овој закон, кој е неопходен за нормално функционирање на институциите од областа на културата, како и за развој на истата.

Во функција на она што е тема на расправа денес, би сакал да истакнам нешто од минатото, а се однесува на Македонскиот литературен јазик. Уште во 1903 година Крсте Петков Мисирков во својата Статија "За македонцките работи" дава значаен прилог кон разработката за создавање на прашањето на Македонскиот литературен јазик, како и за создвање на македонски литературен јазик како примарна задача. Подоцна, во 1950 година во издание на Државното книгоиздавателство на Народна Република Македонија, а во авторство на нашите истакнати книжевни и научни работници, професорите Блаже Конески и Крум Тошев, излезе од печат Македонски правопис со правописен речник со околу 6.000 зборови и имиња и кој придонесе за утврдување на нормите на Македонскиот литературен јазик.

IX/8.-

Во самиот развој на науката за современиот македонски литературен јазик и брзиот раст на нашата национална литература, наука и култура, се пристапи кон подготвување на нов поцелосен правописен прирачник, кој што ќе одговори на потребите на нашата практика. За таа цел, од страна на Институтот за Македонски јазик "Крсте Мисирков" беше подготвен нов правопис на Македонскиот литературен јазик со правописен речник од околу 30.000 зборови и имиња, кој имаше неколку изданија. Значи, научните работници од областа на литературата и книжевноста создадле терен за она што значи Македонски литературен јазик и никој нема право она што како основа ни го оставиле, да не го почитуваме, ами напротив да го применуваме.

Со донесувањето на овој закон ќе се докомплетираат прописите на РМ што се однесуваат на употребата на македонскиот јазик.

Што се однесува до предлогот за донесување на закон за македонски јазик на прв поглед ваков закон, некој ќе каже, дека нема потреба од донесување на ваков закон бидејќи во Уставот на РМ во член 7 е кажано: во Република Македонија службен јазик е Македонскиот јазик и неговото Кирилско писмо. Но ова за многумина поединци, па дури и цели институции, претпријатија, телевизиски станици и друго како да не значи ништо и со самото тоа доаѓа до загрозеност на Македонскиот јазик чии што сведоци сме сите ние. Затоа сметам дека и тоа како е потребен ваков закон кој што попрецизно би ја регулирал употребата на Македонскиот литературен јазик,, односно би ја регулирал заштитата, унапредувањето и збогатувањето на Македонскиот јазик и Кириличното писмо а при тоа нема да ги загрози уставно загарантираните права на човекот и граѓанинот на РМ, а особено загарантираното право на

слободно творештво на поединецот произлезени од член 47 на Уставот на Република Македонија. Радува фактот што конечно лицата со завршен Филолошки факултет, група Македонски јазик ќе ги лекторираат разните текстови на Македонски јазик во службена употреба, а со самото тоа директно или индиректно негативните ефекти кои ги има во печатот, радиото, телевизијата и во други сегменти ќе бидат елиминирани.

Од друга страна, имаме се поголема употреба на Латинското писмо во називите, рекламите, плакатите, етикетите на разните производи, како и синхронизирањето на филмовите, посебно на приватните телевизиски станици.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ:** (продолжение)

Се надевам дека Советот како компетентно советодавно тело ќе одигра клучна улога во заживувањето и почитувањето на овој закон преку разни форми со што во целост би придонело за заштита и унапредување на македонскиот литературен јазик. Со надеж дека не само што ќе се донесе овој закон, туку истиот ќе биде во функција на правилна употреба на македонскиот литературен јазик и неговото кирилско писмо и целосно ќе се почитува во целокупното општествено живеење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Законот што го разгледуваме е доста интересен и доста краток. Јас се согласувам со претходните дискутанти дека јазикот е битна детерминанта на националниот идентитет и на националната свест и токму од тие причини грижа е на сите нас кои јазикот го користиме во секојдневната комуникација. Треба да изградиме став да се чува, негува, да се развива и збогатува иако јазикот како социолошко лингвистичка категорија не се збогатува со донесување на законот, туку со формирање на совет кој се предлага со законот. Тој се збогатува, се афирмира, се развива преку научните институции. Се збогатува преку системот на образованието, преку културните дејности, преку активностите кои ги организира секојдневно институциите на државата. Јазикот се збогатува, се афирмира се усовршува преку творештвото дали научно, културно, уметничко литературно итн. Но, за употребата на литературниот јазик во овој контекст на македонскиот јазик мислам дека постои граматика, постојат јазични норми, постои правопис и тоа сме должни сите да го користиме и да ги употребуваме во изворната форма.

`Вака мислев дека законот се донесува има и казнени одредби ако некој не го користи правилно треба да се казни. Институција правно лице физичко лице и дали ќе се казнуваме ние како пратеници кои сме должни да донесеме закон, а да не го користиме на македонски јазик во литературна форма, како што донесовме Закон за непушење, а пушиме во јавни институции.

Јазикот треба да го афирмира, да го развива , усовршува, збогатува информативните средства, радиото, телевизијата, весниците. Ако тука не го развиваме, не го негуваме тоа значи дека самите тие луѓе не се способни, не се доволно изградени да го употребуваат граматичкиот израз, законските норми, јазичните норми, лингвистиката кои го формираат јазикот како духовно средства за изразување и комуникација Во тој контекст мислам и го поддржувам Предлогот за донесување на закон само имам забелешка на името, ако вака стои тоа значи дека денеска донесуваме закон за македонскиот јазик дека до сега немало македонски јазик, бидејќи така стои Предлог за донесување закон за македонскиот јазик. Сигурно би требало да се додаде дали за употреба на литературниот македонски јазик, дали за користење, но треба точно да се определи на што се мисли. Од овие причини јас го подржувам законот, како прво

Второ, се залагав' и на Комисијата за култура законот да се донесе во две фази од причини прво, затоа што законот е комплексен иако содржината на законот е изнесена во 14 члена кои не се спорни дека не е сложен , но самата содржина е комплексна. Второ, ќе создава можности пошироко да се произнесеме да даваме забелешки, предлози како да биде многу поконцизен, посовремен, по усовршен, по квалитетен во однос на користењето на употребата на македонскиот јазик во секојдневната комуникација и во сите тие форми и норми кои ги предвидува законот да се применува.

Трето, да се вклучи и употребата на јазиците на националностите во овој закон, бидејќи како што е државата одговорна и надлежна да се грижи за користењето на литературниот македонски јазик во комуникацијата во сите списи и документи така е должна согласно членот 7 од Уставот да се грижи за употребата и користењето на јазиците на националностите во нивната изворна литературна форма согласно законските норми и граматиката. Ако тоа не е така тогаш би имале случај во овие тикети што се предлага> да бидат на македонски, а тие можат да бидат на албански не на литературен јазик. Дали ќе дозволиме во тој случај на пример во свидетелството на македонски да биде на литературен македонски јазик напишано , а на албански да биде кој како што сака по некој друг локален јазик. Или евиденцијата во матичната книга писмото и т.н. Од тие причини мислам дека законот треба да претрпи квалитетни измени и да ја одразува суштината на соживотот во Република Македонија, суштината на користењето на јазиците во Република Македонија.

Четврто, законот навлегува во задачи што не се во надлежност на законот, туку во надлежност на научните институции, на универзитетите, на Академијата на науките, на школите од основните до средните, високите, на сите други институции, а овде уште во основни начела врз кои се заснова законот велиме заштита, унапредување и збогатување на македонскиот јазик. Дали со законот ќе го збогатуваме македонскиот јазик? Или треба правилна употреба за збогатување. Или последната алинеја незнам што бара кое е тоа начело "не мешање во другите уставно загарантирани рпава на човекот и граѓанинот во Република Македонија". Што овој закон предвидува за тоа. Што има врска со јазикот? Не мешање или не навлегување во другите права.

X/4.-

Во членот 4 се набројуваат трговските друштва, установите и другите правни лица со седиште во Републиката, а што станува со тие претставништва надвор од Републиката, дипломатско-конзуларните претставништва? Дали таму не се употребува македонскиот јазик?

На крајот последната алинеја "со закон можат да се определат исклучоци за употребата на јазикот од став 1 на овој член ". Ве молам, ние донесовме закон да се користи, да се употребува литературниот јазик, а овде дозволуваме да има исклучоци. Со законот не се предвидуваат тие исклучоци. Овде нема, се дозволува , со кој закон ќе се дозволуваат такви исклучоци.

Членот 5 мислам целосно треба да се брише или да се преформулира и тука да останат две или три алинеи , бидејќи одам по ред "нагласена грижа за употреба на македонскиот јазик", треба да се рече "на литературен македонски јазик". "Афирмирање на македонскиот јазик во светот". Прашувам,до сега не е афирмиран во светот? Дали овој закон или советот што ќе се формира ќе го афирмира македонскиот јазик во светот? "Поддршка на учењето на македонскиот јазик во Републиката и во македонските средини надвор од границите на Македонија". Ве молам, до сега се учи , каква поддршка треба да се дава. Има програмски основи програмски задолженија, има документи врз основ ана кои треба да се учи. Дали овој совет или овој закон ќе ги менува тие односи? Сметам дека целиот член треба да се брише.

"Стипендирање на кадри за изучување на македонскиот јазик". Јас просто се чудам како може да се стави "стипендираше на кадри" кога ние имаме толку кадри , има институции каде се школуваат, каде се подготвуваат и каде се учи македонскиот јазик.

Наредната алинеја "предлагање на кандидати за републички награди, признанија во областа на проучувањето и афирмацијата на македонскиот јазик". Има неколку награди, неколку институции кои даваат награди , треба уште некоја да се дава дека тој го афирмирал или учел македонскиот јазик?. Сметам дека тоа треба да се брише.

"Организирање курсеви, семинари,советувања и други слични активности за употребата на македонскиот јазик". Мислам дека сето тоа го имаме. Издавање публикации за македонскиот јазик и слично ги има во изобилство.

Добро, другото се повторува . Мислам дека држи да донесеме закон , тој да биде во две фази, да се преформулира членот 5 да биде поконцизен, да биде по квалитетен, да се вклучи и употребата на јазиците на националностите согласно природата на овој закон, бидејќи сме задолжени да ги следиме и унапредуваме рамноправно јазиците во секојдневната комуникација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, имам чувство дека во моментот разговараме за многу важен закон поаѓајќи од фактот дека македонскиот јазик е едно од најважните обележја на македонската нација и поради тоа третманот кон ова прашање на пратениците треба да биде, се разбира, на соодветно ниво . Во потполност ја подржувам идејата За донесување на овој закон дури сметам дека овој обид на Собранието е многу задоцнет посебно ако се имаат предвид фактите дека уште во поранешниот систем во 198 9 година тогашниот состав на Собранието на Република Македонија расправало за состојбите со

употребата на македонскиот литературен јазик, меѓутоа, еве до сега не можеле да се соберат доволно сили за да се донесе закон. При тоа воопшто не мислам дека донесувањето на закон кој ќе ја уредува оваа област само по себе е доволно и дека автоматски ќе се подобрат состојбите со употребата на македонскиот литературен јазик, меѓутоа сметам дека е неопходно како правна рамка како еден механизам за создавање на предуслови за регулирање на таа материја. Јас сметам дека за правилна употреба на македонскиот литературен јазик, пред се потребен е и соодветен однос и создавање на такво однос и таква култура дури би рекол и култ на граѓаните на Република Македонија кон ова прашање што, за жал, во последно време се развива во негативни тенденции дури сметам во последно време толку е загрозен македонскиот литературен јазик што во Македонија посебно кај младите луѓе навистина стана како помодарство односно нов своевиден модернизам употребата на некој чуден искривоколчен македонски јазик со употреба на многу странски зборови посебно србизми со многу лошо акцентирање односно ставање на акцентот во употребата на зборови во македонскиот литературен јазик.

Исто така оценувам дека е многу добро тоа што при изработката на овој закон Министерството за култура до максимум ги вклучило сите организации во Република Македонија и институции кои професионално се бават македонскиот литературен јазик и дека го дале својот максимален придонес за што поквалитетно изработување на овој закон и поради тоа сметам дека не е неопходно да се оди во две фази затоа што и од тоа што го прочитав во Извештајот на Матичната комисија и од тоа што беше презентирано во средствата за информирање на навистина овој закон добива максимална поддршка од сите истакнати луѓе кои професионално се бават со оваа област.

X/7.-

Сметам дека нас како политичари, пратеници и воопшто на сите луѓе кои често се појавуваат во јавноста, даваат изјави во средствата за информираше, посебно за пратениците затоа што седниците од Парламентот директно се пренесуваат преку МРТВ, постои уште понагласена одговорност за правилна употреба на македонскиот литературен јазик заради влијанието кое го имаат медиумитеи другите средства за масовно комуницираше врз граѓаните на Република Македонија. при тоа посебно би сакал да го истакнам фактот дека и кај еден дел од политичарите во Република Македонија во последно време постои една загрижувачка пракса при пишувањето на текстови, при настапите на радио и телевизиски емисии премногу да се употребуваат странски зборови кои не се пренесуваат буквално како што значат на пример во англискиот јазик, туку се пренесуваат со додавање на завршницата на зборот за да бидат прилагодени како автентични македонски зборови, па често пати се случува да не именувам за кои политичари се работи, на обичен читател да му биде потребен лексиконот Вујаклија аз да може да разоткрие што во суштина навистина сакал да каже авторот на тој текст.

Исто така загрижувачки е погрешно употребувањето на акцентот и несоодветните зборови посебно зборови кои не потекнуваат од македонското говорно подрачје, пред се , мислам на зборови од соседството најмногу на србизми. се разбира голема е опасноста заради тоа што македонскиот литературен јазик е изложен на влијанието од доминацијата на странските јазици пред се на јазиците на соседните народи тоа ја зголемува одговорноста на сите нас да имаме зголемено чувство за регулирање на оваа материја затоа што оценувам дека во изминатиот период таква грижа отсуствуваше од нашата држава ако се исклучи грижата која се води во воспитно образовните институции.

X/8.-

Би сакал на крајот да кажам неколку забелешки во врска со содржината на самиот закон. Јас дадов во собраниска процедура неколку амандмани, прво не ми се допаѓа насловот на законот така како што е даден, оценувам дека до некаде е добра интервенцијата со прифаќањето на амандманот од страна на собраниската комисија за култура, меѓутоа, мислам дека тоа не е доволно и затоа дадов амандман во кој предлагам насловот на законот да биде закон за македонскиот литературен јазик во јавна употреба, за да се разграничи употребата на македонскиот литературен јазик во јавната комуникација со онаа комуникација која ја остваруваат граѓаните во своите домови за лични и приватни цели што нема потреба да се уредува со закон.

Исто така мислам дека треба по прецизно да се определат исклучоците од употребата на македонскиот литературен јазик посебно во ова што е одредено во членот 4 став 2 каде се вели дека " со закон можат да се определат исклучоци за употреба на јазикот од став 1 на овој член ". Предлагачот на законот е потполно нејасен на што мислел. Доколку мислел на употребата на јазиците на националностите во единиците на локалната самоуправа каде во значителен број или во мнозинство живеат припадници на националностите односно малцинствата мислам дека тоа е регулирано со други закони и ова не дава доволно елементи да се заклучи дека се однесува на тоа и во тие општини каде се употребуваат јазиците на малцинствата односно националностите толку колку што се употребува македонскиот јазик таму и таму е обврска да биде тоа македонски литературен јазик. Значи, според мене, е неприфатливо да има било какви исклучоци од употребата или можеби е лоша формулацијата, па затоа не можеме да се разбереме.

X/9.-

Исто така сметам дека обврската иако можеби не е лоша, дипломираните професори по македонски јазик да полагаат испит за да се стекнат со назив лектори е можеби како новина добро, меѓутоа, сметам дека тоа не е доволно и предлагам со амандман обврска пред првото вработување на истите тие лица да полагаат односно да бидат подложни на одредено тестираше, меѓутоа на такво тестираше да бидат подложни на пример на секоја петта година затоа што е многу голема веројатноста некој од тие лектори еднаш да го положи испитот , да се исели вод руга држава на пример во Србија или било каде, да се врати по 10 години со многу подзаборавен македонски литературен јазик и со тој сертификат со кој се стекнал пред 10 години да може да продолжи да предава македонски јазик или да се вработи како лектор. Мислам дека би било добро на одреден број на години со одредени тестирања да се прави проверка кај луѓето кои професионално ќе бидат задолжени за македонскиот литературен јазик за да се проверува нивното ниво на знаење на македонскиот литературен јазик.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ**:(продолжение)

И на крајот имам уште една забелешка, можеби тој амандман ќе задоцни, затоа би сакал да го најавам тоа пред претседателот на Собранието. Во еден од членовите од Законот има употребно една формулација во смисла научни, културни и јавни работници. Мислам дека такви формулации од типот научни, културни и јавни работници соодветствуваат на системот што го напуштивме, на социјалистичкиот систем и во денешниот систем несоодветно е со научни и културни и други дејци да се употребува терминот работници. Заради тоа предлагам одредени корекции во тој дел од членот на законот.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тахири, процедурална интервенција.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Госпидине претседателе, дами и господа пратеници, сакам да обрнам внимание дека законот по работата во Комисијата за култура е толку изменет што овој текст веќе не е текст по кој што расправавме. Јас барам тоа да се има во предвид затоа што со интервенциите кои што се направени во овој закон се толку обемни што овој закон не е тој што е предложен. Ова што е сега, со овие интервенции од Комисијата за култура е закон за службена употреба на македонскиот јазик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, тоа е мислењето од Извештајот на Комисијата, меѓу тоа, амандманите на Комисијата не се прифатени, сите.

Господин Исмет Рамадани, деловничка интервенција.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, господа претставници од Владата, морам да интервенирам затоа што и како парламентарна група расправавме и тоа доста на две нивоа, и поради принципиелност и за содржината на законот и ние мораме да знаеме, сега, господине претседателе дали расправаме за Предлог за донесување закон за македонскиот јазик, со Предлог закон, или расправаме за првата фаза на законот.

Ако веќе спомнуваме амандман, се очекуваат амандмани на истата седница, потребно е и добро е да ни објасни претставникот на Владата т.е заменик министерот за култура за што ние расправаме. Расправаме за првата фаза односно фазата за донесување или за фаза Предлог на закон.

Па затоа, за да можеме ние да расправаме со тоа дека после кога ќе дојде втората фаза од законот да се поднесат амандмани или да има време да се слушне гласот на пратениците во Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ќе ви одговорам сега. Бидејќи јас го отворив претресот по Предлогот за донесување на закон. Потоа, доколку Собранието усвои на истата седница да се претресе и Предлогот на закон, ќе поминеме на расправа по Предлогот на закон. Сега расправаме само, што би се рекло за причините за донесување на законот. Тоа е општ претрес.

XI/3.-

Деловничка интервенција бара господин Вејсели.

**АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претреседателе, почитувани колеги, сепак 6и сакал и добро е министерот да излезе на оваа говорница и да го образложи законот. Јас мислев дека тоа ќе го направи на почетокот, меѓутоа, гледам дека почна со дискусии од страна на пратениците. Сепак да бидеме малку позапознати со тоа што се случило дека нашите забелешки, забелешките од нашата Пратеничка група што ги дадовме вчера пред заменикот министер и уште еден друг, меѓутоа, гледаме денеска дека Комисијата за култура се состанала и веќе не е тој закон. Има промени во се. Исто така и во насловот има Предлог за донесување на закон за македонскиот јазик, од друга страна во содржината, Предлог за заштита, Предлог за донесување на закон за заштита на македонскиот литературен јазик, од друга страна Комисијата за култура ни предлага закон за службена употреба на македонскиот јазик.

Од страна на предлагачот треба да ни бидат објаснети сите тие работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, Ве молам, работите се сосема јасни. Доколку амандманот е прифатен од претставникот на Владата, тој е составен дел на законот и законот е таков каков што прифатил претставникот на Владата. Според тоа, ние нема што овде да се убедуваме^. Има право претставникот на Владата да учествува во расправата но нема обврска.

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЉ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Мислам дека во начело никој нема против еден јазик во јавна комуникација да се употребува така како што и заслужува и од тој принцип сметам дека идејата да се предлага еден таков закон не е лоша како идеа, ако прашањата се постават принципиелно и ако лично мислам сосема малку е или ништо не може да се постигне особено не административно на овој план. Цивилизираните средини за вакви прашања постапуваат сосема поинаку односно тие образуваат специјални институции кои врз основа на нивните механизми дејствуваат во тој правец и водат сметка не само за јазиците на мнозинскиот народ туку водат сметка и за другите јазици било да се работи за службени, полуслужбени, приватни па и за јазиците на една национална заедница која е толкава, нумерична, која според постојните критериуми не заслужува да биде службен јазик.

Таква грижа, зборувам за цивилизираните средини не затоа што некој сака или мисли дека тоа е добро, туку едноставно, тие се принципи и од причина што се сметаат дека природно право е на секоја национална заедница да си го заштити својот јазик и култура.

Ниедна логика според мене не оправдува дека ние тука можеме да донесеме еден јазик со кој ќе се заштити, односно донесуваме закон со кој ќе се заштити еден јазик, а од друга страна не ни е општа грижа како ќе се пишува или изговара другиот јазик иако и тој јазик според нашиот Устав е службен јазик.

Уставот на Република Македонија од тој аспект е доста јасен, тој предвидува начелна национална рамноправност, и предвидува слободно изразување и очување на националниот идентитет и култура, потоа дел од нашиот правен поредок , односно дел од нашето позитивно право е рамковната конвенција за заштита на националните заедници која во членот 4 предвидува дека по можност ќе се преземат сите мерки кои ќе доведат до реална и тотална рамноправност помеѓу мнозинскиот народ и малцинскиот народ особено во доменот на политиката, економијата , општеството и културата, а јазикот е дел од културата. Значи ова, мора да се сложиме е дел од внатрешниот правен поредок, а да не говорам за повелбата за регионалните и малцинските јазици како што стои во насловот која иако е потпишана од наша страна е услов за нашето членство во Советот на Европа, сеуште не ратификуваната, меѓутоа, тој акт било кога ќе се ратификува и не дозволува никакви еднострани пристапи во овој домен.

Овие беа мои начелни забелешки. Сега неколку зборови во однос на практичните забелешки кои , односно последиците од реалната примена во практиката на овој закон.

Прво, ако се анализира внимателно предлогот што се нуди од страна на Владата, ако се прочита внимателно текстот на законот јас сум сигурен дека можеме да дојдеме до констатација дека реалната и практичната примена на овој закон во пракса може да доведе до апсурд и катастрофа од причина што може да доведе, а и ќе доведе до компликации во правната, економската, судска комуникација итн.

XI/6.-

Членот 6 предвидува дека службените текстови на органите на законодавната власт, извршната власт, судската власт, јавните претпријатија и служби итн., значи, тие текстови задолжително да се лекторираат и тоа да се лекторираат од лице кое има завршен Филолошки факултет, дури и кој полагал посебен стручен испит. Тоа во пракса значи ова. Секој адвокат, секоја фирма, секој дуќан, секој занаетчија е задолжителен, односно е должен да прима еден лектор на работа или пак да се користи со услугите на лекторската служба која исто така се предвидува да се формира.

Ако кон ова се додаде дека сите министерства кои донесоа меѓу другото и безброј поединечни управни акти, сите единици на локалната самоуправ , сите подрачни единици на министерствата сите јавни претпријатија и јавни служби мора да имаат лектори еден, двајца, тројца или повеќе во зависност од квантумот на јавната комуникација, фактички според некои проценки преку 50 илјади лектори на Македонија и се потребни за да се обавува оваа работа, односно за да се примени овој закон. Значи, имаме реална шанса да постанеме лекторска држава. Замислете, повеќе наши фирми кои имаат само еден работник кој е законски услов да можат да постојат тие одвај опстојуваат, а законот ќе ги обврзува да примат и лектор или да се користат со лекторските служби, посебно што се додатни трошоци, што се додатни компликации, додатно губење на време итн. Тоа ако не го направи, односно ако не го сторат ги чека казна од 10 илјади германски марки.

Второ, зад а се контролира спроведувањето на овој закон, треба да се формираат посебни инспекциски служби. Исто така, според некои сознанија тоа значи дека треба да се именува или избираат најмалку уште 400-500 инспектори што е додатна оптовареност на нашето стопанство. Тоа во спротивност со нашите определби за рационализација на управата или администрацијата.

Трето, ако некое физичко или правно лице треба да се обрати до управните органи, до администрацијата, до Судот, до јавното претпријатие до локалната самоуправа и друг орган тој прво бидејќи не е стручно лице треба да се обрати до својот адвокат и да плати трошоци, потоа од адвокатот треба да оди кај лекторот ако го нема својот лектор, исто и таму треба да плати, од него пак треба да се врати кај адвокатот итн., што тоа чини пари, време, малтретирање итн. Ние немаме никаков мандат тоа на граѓаните да им го правиме. Значи, овој закон дури претставува игра со судбината на некои луѓе кои сега ја обавуваат работата лектор, кој ако за време од 6 месеци не го положи тој фамозен испит, практично останува на улица. Мислам дека ваквите реперкусии со законот навистина ќе ги иритираат граѓаните и дури ние како гласачи , евентуални гласачи на законот ќе се разочараме што грешка сме направиле.

Четврто, според предлогот, за прекршок, сторениот прекршок значи ако случајно сме направиле некоја граматичка грешка или не сме се користеле со услугите на лекторот се предвидува според законот и одземање на објекти, предмети. Тоа што значи? Ако сте направиле една граматичка грешка, а сте напишале со компјутер, фактички ќе ви биде

одземен компјутерот. Така се чита законот, така го читам јас. Или пак, ако на етикетите на производите сте направиле некоја грешка или не сте ги користеле услугите на лекторот , практично вас ќе ви се одземе целокупниот имот, односно производот кој може да биде со тони, еве на пример нека бидат конзерви итн. Се поставува прашање дали некоја логика ова може да го свати.

Петто, што е најапсурно, законот предвидува дека името на лекторот треба да се отпечати на одредено место. Значи, фактички на секој јавен документ или акт треба да стои на некоја страна името на лекторот и имаме можност да произведуваме ѕвезди лектори.

Шесто, називите , рекламите, плакатите мора да се пишуваат на кирилско писмо и македонски јазик итн. Сметам дека пазарната економија тоа не го толерира од причина што на стопанственикот му е првенствено, целта му е само неговиот интерес како да ги привлекува муштериите итн. Сметам дека дури ваквата формулација е спротивна со членот 10 точка 1 параграф а) од рамковната конвенција која предвидува дека јазиците регионалните јазици или јазиците на националните заедници можат да се користат и во написите видливи за јавноста.

Исто така, ова важи и за плакатите. На пример едно културно уметничко друштво ако организира некој концерт, а не се придржува кон законот, и ако се работи за концерт на една национална заедница, ако не се почитува законот значи треба да се казни со 10 илјади марки, или

една политичка партија особено политички партии на националностите кои пред изборите ги отштампуваат плакатите на свој јазик фактички според овој закон треба да платат казна по 10 илјади марки.

Јас имам сознанија дека овој текст е изработен претежно од научници, а Де Гол еднаш кажа дека ако сакате нешто да направите лошо, користете се со услугите само на научниците. Значи тука недостасува практиката. Сметам дека едноставно таква структура без политичари изразуваат само свои романтични чувства, само празни желби, а тоа е многу далеку од праксата. На секого му е јасно дека не постојат луѓето поради јазикот, туку постои јазикот поради луѓето и неприродно е луѓето да се терооризираат се во име, односно на име на тоа да се пишува, или изговара добро еден јазик. Тоа е спротивно со елементарното право негово да се однесува слободно и во овој домен. Потоа, законот предвидува избегнување на странски изрази што во однос на овој мојот мајчин јазик јас навистина имам против. Јас дури во една ваква поинтелектуална комуникација се користам со најмалку 10% странски изрази и ништо не гледам лошо, дури гледам на тоа позитивно, бидејќи ние сега не можеме јазиците да ги стрпаме во затвор во ера на компјутеризација, во ера на автоматизација, роботизација, сеопшта интеграција, а ние херметички да се затвориме во себе. Ништо немам против, можеби и понормално е да се внимава во однос на јазикот во средствата за јавна комуникација, односно за јавно информирање, учебниците да се организираат семинари, курсеви итн., одредени публикации и мора да се сложиме дека културата на јазикот не се гради

административно и со закон, туку се гради со одредени институции и бара доста време, бара доста работа и бара трпение. И затоа јас ги поддржувам предлозите кои беа изнесени тука, дека овој закон мора да оди во две фази, инаку навистина сите ќе се запрашаме тука што сме направиле.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сакам да ве прашам како ќе работиме. Има пријавено 5 пратеници за дискусија.

Кој уште се јавува за збор?

Тогаш овде предлагам да прекинеме, а седницата ќе продолжи утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,45 часот).